ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

„ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ - КАРПОШ“

КАРПОШ – СКОПЈЕ

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕБНАТА 2014/2015 ГОДИНА

Август 2014

1. Вовед

Годишната програма за работа на училиштето се темели на:

- Законот за Основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони и под-законски акти,
- Статутот на Основното училиште ,,Христијан Тодоровски Карпош" 01-92/09
- Планот и програмата за воспитно-образовна дејност на основното училиште;
- Измените во наставните планови за поедини наставни предмети за учебната 2014/15 година;
- Програмата за развој на училиштето,
- Програмата за самоевалуација
- Концепција за деветгодишно основно образование 02/07;
- Националната програма за развој на образованието во Р.М 2005-2015 година;
- Концепциски основи – Основно образование – содржини и организација на воспитно образовната дејност БРО, Скопје 1996 година;
- Наставните планови и програми на БРО,
- Правилниците, кодексите, деловниците за работа на Училишниот одбор, Советот на родители, етичките кодекси за однесување на структурите во училиштето;
- Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште;
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година
- Годишните и полугодишните извештаи на училиштето, Извештајот од интегрална евалвација,
- Програма за работа на Директорот;
- Програма за работа на стручните соработници;
- Програма за работа на стручните активи;
- Просторни услови и опременост за работа во училиштето;

Изготвената предлог Годишна програма за работа на училиштето ќе се разгледа и усвои на седница на Училишниот одбор, а потоа се доставува како усвоен предлог на конечно усвојување до Советот на Општината Карпош – Скопје, Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието.

2. Лична карта на училиштето

-*Основни податоци за училиштето*

Име на училиштето	Христијан Тодоровски Карпош
адреса, општина, место	Орце Николов 61, Карпош, Скопје
телефон	02 3065 337
фах	02 3065 337
е-маил	htkarpos@gmail.com
основано од	Собрание на општина Карпош
Верификација- број на актот	11-587/1
Година на верификација	1986
Јазик на кој се изведува наставата	македонски
Година на изградба	1955
Тип на градба	тврда
Површена на објектот	2579 m^2
Површина на училишниот двор	16 141 m^2
Површина на спортска сала	650 m^2
Начин на загревање на училиштето	Сопствено парно
Број на одделенија	9
Број на паралелки	17
Број на смени	една смена

-*Просторни услови за работа на училиштето*

Вкупен број на училишни згради	1
Број на подрачни училишта	Нема
Бруто површина	2579м2
Нето површина	/
Број на спортски терени	2
Број на катови	2
Број на училници	19
Број на помошни простории	8
Училишна библиотека	1
Начин на загревање на училиштето	Со сопствено парно греење

-*Материјално технички услови*

Графоскоп	1
ТВ-приемник	4
ДВД	2
Платно за проектирање	1

ЛЦД - проектор	1
Компјутер сервер	1
Компјутери	9
Лаптоп	2
Компјутер за секое дете (од прво до трето одд.)	70
Компјутер за секое дете (од четврто до осмо одд.)	98 монитори и 7куќишта
Компјутери за наставници	30
Скенер	1
Печатач - ласерски	6
Камера	1
ЦД-плеери	2
Разглас	1
Апарат за фотокопирање	1
Фотоапарат	1

-Мапа на училиштето



-План на простории



-*Структура на училиштето*

Членови на Училишен одбор	Анета Аначкова-претседател, Валентина Ковачевска, Јаворка Китевска, Роберт Живадиновиќ, Виктор Грозданов, Моника Гулева, Даниела Георгиевска, Видан Спиров и Елена Ружојчиќ
Членови на Совет на родители	Советот на родителите брои 17 член, а претседател на Советот на родители е Искра Михајловска, членовите се избираат на почетокот на учебната година на првите родителски средби
Стручни активи	Одделенска настава: 1 стручен актив Предметна настава: 2 стручни активи – природна група предмети и општествена група предмети
Одделенски совети	Одделенска настава: 18 наставници; Предметна настава: 11 наставници
Членови на Ученичка заедница	7

-*Наставен и ненаставен кадар*

Одд.	**вкупно**	**Етничка и полова структура на вработените**									
		Македонци		**Албанци**		**Турци**		**Роми**		**други**	
		м	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**	**м**	**ж**
Број на вработени	43	5	38								
Број на наставен кадар	29	3	26								
Број на стручни соработници	4	1	3								
Административни работници	3	1	2								
Техничка служба	6	1	5								
Директор	1	0	1								

-*Степен на образование на вработени*

Образование	**Број на вработени**
Високо образование	30
Виша стручна спрема	5
Средно образование	8

-*Старосна структура на вработени*

Години	**Број на вработени**
20-30	2
31-40	16
41-50	11
51 - пензија	14

-Ученици

Одделенија	Број на паралелки	Број на ученици	Етничка и родова структура на учениците									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	2	36	14	22								
II	2	36	15	21								
III	2	35	21	14								
IV	2	43	21	22								
V	2	42	15	27						1		
I - V	**10**	**192**	**86**	**106**								
VI	2	32	17	15								
VII	2	45	21	24								
VIII	1	20	10	10								
IX	2	35	16	19								
VI – IX	**7**	**132**	**65**	**67**								
I - IX	17	324	151	173								

-Наставен јазик

	Наставен јазик-македонски	Наставен јазик-албански	Наставен јазик-турски	Наставен јазик-српски
Број на класови	17			
Број на ученици	324			
Број на професори	29			

3. Мисија и визија

МОТО

„РАЗЛИЧНОСТИТЕ МЕЃУ ЛУЃЕТО НЕ ТРЕБА ДА ЗНАЧАТ И СПРОТИВНОСТИ МЕЃУ НИВ ТУКУ ТРЕБА ДА ПРЕТСТАВУВААТ МОТИВ ЗА ОСОЗНАВАЊЕ НА ТУЃОТО И ЗА ИЗНАОЃАЊЕ НА ПОВИСОКИ ЗАЕДНИЧКИ ВРЕДНОСТИ”

„Најдобар начин да создадеш вистински луѓе е да ги оспособиш на вистински начин”.

Од учениците произлегоа и следниве слогани:

Постојам, учам, живеам!

Почитувај за да бидеш почитуван!

Учиме и помагаме!

Не го правам тоа што не сакам да ми го прават”!

ВИЗИЈА

Нашето училиште е модерна институција која обезбедува подеднакви можности за сите ученици со цел, да го искористат својот капацитет за да стекнат знаења, вештини и умеења кои се предуслов за нивно понатамошно дообразување и постигнување на високи животни достигнувања. Истовремено училиштето овозможува кај учениците да се сразвие свеста за правата,обврските и меѓусебно почитување на сите децата - ученици од различни етнички заедници.

МИСИЈА

Нашето училиште е место во кое што наставниците постојано професионално се усовршуваат за да можат да ги следат промените во наставните програми и во научните достигнувања за да одржуваат квалитетна настава,која е приспособена за потребите на сите ученици. Ние како воспитно-образовна институција превземаме активности со кои подржуваме партнерски односи со училишта во кои учат ученици од различно етничко потекло.

ИЗЈАВА ЗА МИСИЈА

„Со примена на современи и активни наставни методи ги оспособуваме учениците за активно учество во воспитно-образовниот процес со максимално користење на индивидуалните потенцијали”.

4. Веќе научено/Стекнати искуства

Во учебната 2013/2014 година и години наназад во ООУ„Христијан Тодоровски-Карпош”-Скопје стекнатите знаења и искуства ги применувавме во наставата, воннаставните активности, при соработка со локалната средина, развојот на училиштето и сите други сегменти од секојдневието на училиштето.

Ги следевме и применувавме промените на наставниот план и програма; новите стекнати знаења ги имплементиравме во наставниот и воннаставниот процес на нашето училиште;Од анализата на постигнатиот успех и поведение во минатата учебна година дојдовме до заклучок дека постигнатиот успех е многу висок и сите ученици постигнаа примерно поведение. Успешно спроведовме интерно и екстерно тестирање и резултатите од екстерното тестирање кои беа со многу мали отстапки покажаа дека наставниците ги исполнуваат критериумите за успешно оценување. Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваа во сите области на оценувањето; Што е уште по значајно високиот просек на учениците соодветствува со оценувањето од страна на наставниците.

Се трудевме секогаш учениците да се центар во нашето внимание; со многу спортски, воннаставни и слободни активности, учествувавме на многу натпревари притоа внимавајќи кои од нив имаат акредитација, постигнавме високи резултати,соработувавме со родителите, локалната средина, медимите и други организации, ја продолживме соработката со ООУ„Климент Охридски” од Охрид, добивме партнер училиште ООУ „Никола Вапцаров” од Чаир, заеднички го одбележавме патрониот празник на нашето училиште но и проектот „Градиме мостови”, Учениците од нашето училиште благодарение на општина Карпош имаа ретка можност да патуваат во општина Стари Град од Сараево и да се запознаат со културните и природните богатства на Босна и Херцеговина.

Ги почитувавме законските правила и прописи, ги применувавме новите законски прописи, се грижевме за безбедноста во училиштето која значително се подобри со поставување на заштитна ограда, ги почитувавме етичките кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите. Секаде каде што имаше можност се применуваше ИКТ и компјутеризација; Се направија значителни промени во реновираните училници; Се спроведоа и реализираа низа проекти: Еко проекти, Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието,Градиме мостови, Се реализираа интерни и екстерни обуки и семинари за професионалниот развој на наставниците и др.

Во изработка на оваа Годишна програма покрај стекнатите искуства најголемо влијание имаше: Полугодишниот и Годишниот извештај, Самоевалуацијата на училиштето; Развојниот план за работа; Препораките на Училишниот одбор, Советот на родители, Наставничкиот совет. Тие се однесуваат на следното: Следење на промените во образованието и подобрување на квалитетот во наставата; Имплементација на екологијата во образовниот систем; Промени во инфраструктурата на училиштето; Промени во условите за учење во училиштето; Изработка на план и инструменти за следење на реализираните активности од оваа годишна програма, професионален развој на наставниот кадар, подобрување на имиџот на училиштето.

5. Подрачја на промени, приоритети и цели

Стратешки цели: Максимално искористување на ученичките потенцијали, овозможување на материјални и човечки ресурси за стекнување на знаења, вештини и умеења на учениците и вистинско насочување за нивно понатамошно образување и професионално ориентирање.За постигнување на овие цели е потребна добра организација во училиштето, добра поставеност на сите структури во училиштето, добри услови за изведување на наставата и воннаставните активности, снабденост со материјални средства, добра училишна клима и култура, соработка со локалната средина, медиумите, невладините организации, следење на промените во општеството, модернизација на целокупниот воспитно образовен процес.

Од стратешките цели на училиштето, приоритетите, можностите, човечките и материјалните ресурси, самоевалуацијата на нашето училиште и развојниот план на истото, извршената интегрална евалуација и извештаите на училиштето и извештајот од Државниот просветен инспекторат, потребите на учениците, наставниците и другите вработени, соработката со родителите и локалната средина и согледувајќи ги силните и слабите страни на училиштето, и имајќи ги во предвид дефинираната мисија и воспоставената визија,ги определивме потребите на промени на училиштето.Се потрудивме да ги определиме приоритетните барања имајќи во предвид дека е потребно и тие да бидат остварливи и да се во рамките на нашите можности. Од листата на потреби за учебната 2014/2015 година,училиштето ги издвои следниве приоритети:

- **Естетско уредување на училиштето и уредување на училишниот двор;**
- **Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства, дидактички материјали и литература и професионален развој на наставниците;**
- **Подобрување на имиџот на училиштето.**

6. Акциски планови

		Временска рамка (месеци)																
задача	активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	носител	начин на спроведување (ресурси)	Инструменти	очекувани резултати	одговорно лице	потребен буџет
Естетско уредување на училиштето и уредување на училишниот двор	1.Уредување на двор -поставување на нови клупи и корпи за отпадоци, обојување на таблите за кошарка	X	X					X						Тим за уредување и тим за соработка со локална средина *	Технички персонал, Општина Карпош *	Анализа на состојбата Прашалници *	Подобар естетски изглед на училишниот двор *	Директор Посочените тимови *	*
	-Засадување на цвеќиња и трева и редовно косење на истата,	X	X						X	X	X	X	X	Тим за уредување на училишната зграда и училишниот двор *	Ученици, Наставници општина *	План за набавка на растенија скица за уредување Алати за работа *	Подобар естетски изглед на училишниот двор *	Еко одбор *	5000,00МКД *
	-Едукација за заштита на животната средина	X	X	X	X	X	X	X	X	X				Наставници Ученици Пакомак *	Ученици, наставници *	Анкети, Презентации, дебати, Акции за собирање на пластика, хартија *	Почиста околина, подобра иднина *	Наставник по физика Одделенски наставници од 5одд *	/
	Поправка на влезната капија на училиштето од страната на улицата Орце Николов.		X			X								Тим за уредување и тим за соработка со локална средина *	Директор, општина, *	Финансиска пресметка *	Поголема безбедност во училиштето *	Тим за јавни набавки, Тим за уредување Директор, УО	50000,00 МКД
	2. Уредување на кабинетот по Техничко и Ликовно														Хаусмајстор, фирма за инфраструктурни	План на уредување Финансиска пресметка	Подобар естетски изглед на училишниот простор		

	образование и помошната просторија до кабинетот -молерисување, -уредување на просторот					**X**	**X**	**X**						Тим за уредување	зафати, донатори, Тим за уредување	Јавна набавка	подобри услови за работа,		
Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства, дидактички материјали и литература, професионален развој на наставниците	1. Набавка на нагледни средства, дидактички материјали и литература -Формирање на тим за набавка на нагледни средства и литература, -собирање на информации од наставниците, стручните соработници, советот на родители, Училишниот одбор -изготвување на план за набавка (според барањата, испитување на пазарот, финансиските можности на училиштето, можност за донации -набавка на нагледни средства и литература 2.Професионален развој на наставниците (додаден како **прилог XXV** во Годишната програма)	**X** **X**	**X**	**X**				**X**						Тим за набавка * стручни активи на наставниците * Директор * стручна служба * Библотекар * Сметководител * Тим за професионален развој	Тимот за нагледни средства, * Каталози на фирми * Наставни планови И програми * Наставници *	Анализа на состојбата * Состаноци на стручни активи * Листа на приоритети за набавка * План за јавна набавка * Набавка и распределба на нагледни средства и литература *	Подобрување на квалитетот на наставата * Подобро и попрактично усвојување на новите знаења * Збогатен библиотечен фонд *	* Тим за набавка на нагледни средства и стручна литература *	40000,00МКД

Подобрување на имиџот на училиштето	-Формирање на тим -Соработка со локална средина (општина Карпош, медиуми, поголема вклученост на родителите, други организации), Учество на натпревари и други настани за афирмација на училиштето, -Прослава на јубилен патронен празник -Соработка со други училишта и заеднички проекти со истите, -Квиз на знаење во училиштето (место на одржување во нашето училиште -Изработка на WEB-страна на училиштето	**X** **X** **X** 	 **X** **X** **X** **X**	 **X** **X** **X**	 **X** **X** **X**	 **X** **X** **X**	 **X** **X** **X** **X** **X**	 **X** **X** **X**	 **X** **X** **X**	 **X** **X** **X**	 **X** **X** **X**			* Ученици, * Наставници * Родители * Директор * Стручна служба Стручни активи * Тимови За соработка со локална средина, тим за МИО, Тим за патронен празник	* Ученици * Родители * Вработени во училиштето * Родители Совет на родители * Училишен одбор	* Анкети * Програми за работа на тимовите * Анализа на состојбата Од самоевалуација Развоен план и извештај од интегрална инспекција * Организирање и Учество во активности Соработка со медиуми и други училишта	* Подобрување на имиџот на училиштето *	* Тимовите Менаџмент от на училиштето *	50000,00 MKD

7. План за евалуација на акциските планови				
Приоритет	**Критериуми за успех**	**Инструменти**	**Индикатор за успешност**	**Одговорен за следење**
Естетско уредување на училиштето и уредување на училишниот двор	- Естетски уредено училиште и училишен двор -едуцирани вработени со што ќе се подобри заштитата на животната средина -поправена влезна капија и зголемена сигурност и безбедност во училиштето и училишниот двор - уредени кабинети	-клупи, корпи за отпадоци, цвеќиња, засадена трева, влезна капија -фотографии -извештај за реализирани предавања за заштита на животната средина	-естетски уредено училиште и училишен двор -реализирана едукација -молерисани и уредени кабинети -функционални простории	Директор Тим за екологија
Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства, дидактички материјали и литература, професионален развој на наставниците	-формиран тим за набавка на нагледни средства -изготвен план за набавка -набавени дидактички материјали, и литература -реализација на работилници , посета на семинари и обуки за професионален развој на вработените	-одлука за формирање на тим -план за набавка на дидактички материјали и литература -извештај од реализирани работилници и обуки	- набавени дидактички средства и литература - подигнат квалитетот на наставата - подобар успех на учениците и подигнување на степенот на задоволство од наставата - подигнување на степенот на професионалност на вработените	Директор Тим за набавка
Подобрување на имиџот на училиштето	- формиран тим кој ќе работи на подобрување на имиџот на училиштето -зголемен бројот на контакти со Општина Карпош и учество на манифестации - гостување и учество на телевизиски емисии - пласирање на информации за работата на училиштето во пишаните медиуми -успешно одбележан патрониот празник -подобрена соработката со училиштата во Општина Карпош -реализиран квиз на знаења во училиштето -изготвена Web страна на училиштето	-одлука за формирање на тим -фотографии - извештаи - реализирани емисии - пишани текстови - реализирана приредба по повод патрониот празник -реализирани средби со локалната средина и основните училишта -извештај за реализиран квиз - функционална Web страна	- поголема транспарентност за работењето на училиштето - медиумска застапеност на училиштето -електронски современ начин на претставување преку Web страна	Директор Тим за подобрување на имиџот Сите вработени

8. Календар за работа

К А Л Е Н Д А Р 2014/2015 година

ПО	ВТ	СР	ЧЕ	ПЕ	СА	НЕ
СЕПТЕМВРИ 2014.						
1	2	3	4	5	6	7
8	9	10	11	12	13	14
15	16	17	18	19	20	21
22	23	24	25	26	27	28
29	30					
НОЕМВРИ 2014.						
					1	2
3	4	5	6	7	8	9
10	11	12	13	14	15	16
17	18	19	20	21	22	23
24	25	26	27	28	29	30
ЈАНУАРИ 2015.						
			1	2	3	4
5	6	7	8	9	10	11
12	13	14	15	16	17	18
19	20	21	22	23	24	25
26	27	28	29	30	31	
МАРТ 2015.						
						1
2	3	4	5	6	7	8
9	10	11	12	13	14	15
16	17	18	19	20	21	22
23	24	25	26	27	28	29
30	31					
МАЈ 2015.						
				1	2	3
4	5	6	7	8	9	10
11	12	13	14	15	16	17
18	19	20	21	22	23	24
25	26	27	28	29	30	31

Државни празници

- 8 ми Септември - Ден на независноста на РМ
- 11ти Октомври – Ден на народното востание
- 23ти Октомври – Ден на македонската револуционерна борба
- 8ми Декември – Св. Климент Охридски
- 1ви Јануари – Нова година
- 7ми Јануари , Божиќ
- 13ти Април - 2 ден Велигден
- 1ви Мај – Ден на трудот
- 22ри Мај – Духовден
- 24ти Мај – Св. Кирил и Методиј (25ти Мај е неработен)
- 16ти Јули – Рамазан Бајрам),
- 2ри Август – Илинден (Ден на Републиката) – 3ти Август е неработен

Верски празници

- 4ти Октомври – Курбан Бајрам (Исламска вероисповест),
- 1ви Ноември , Празник на сите светци (Католичка вероисповест)
- 25ти Декември , Божиќ (Католичка вероисповест)
- 6ти Јануари , Бадник
- 19ти Јануари , Водици
- 10ти Април - Велики петок
- 13ти Април – Велигден (Католичка вероисповест)
- 28миАвгуст - Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица)

Останати празници

- 28ми Септември – Ден на Бошњаците
- 22ри Ноември – Ден на албанската азбука
- 27ми Ноември – Ден на дрвото
- 25ти Декември Ден на наставата на туски јазик
- 27ми Јануари , Свети Сава (за граѓаните од српската заедница)
- ***7ми Февруари, патронен празник на училиштето***
- 8ми Април – Меѓународен ден на Ромите
- 23ти Мај- Национален ден на Власите

ПО	ВТ	СР	ЧЕ	ПЕ	СА	НЕ
ОКТОМВРИ 2014.						
		1	2	3	4	5
6	7	8	9	10	11	12
13	14	15	16	17	18	19
20	21	22	23	24	25	26
27	28	29	30	31		
ДЕКЕМВРИ 2014.						
1	2	3	4	5	6	7
8	9	10	11	12	13	14
15	16	17	18	19	20	21
22	23	24	25	26	27	28
29	30	31				
ФЕВРУАРИ 2015.						
						1
2	3	4	5	6	7	8
9	10	11	12	13	14	15
16	17	18	19	20	21	22
23	24	25	26	27	28	
АПРИЛ 2015.						
		1	2	3	4	5
6	7	8	9	10	11	12
13	14	15	16	17	18	19
20	21	22	23	24	25	26
27	28	29	30			
ЈУНИ 2015.						
1	2	3	4	5	6	7
8	9	10	11	12	13	14
15	16	17	18	19	20	21
22	23	24	25	26	27	28
29	30					

- 1 ви Септември - Почеток на училишната година
- Зимски распуст од 1ви Јануари – 20ти Јануари
- 10 ти Јуни - Крај на училишната година

9. Настава

-*Организација на наставата*

Согласно со Наставниот план и програма за основно образование наставата се планира, организира и реализира и истата континуирано се следи. Со реализација на наставата се остваруваат основните образовни и воспитни цели на училиштето. Преку наставниот процес учениците се стекнуваат со трајни знаења, вештини, умеења и формираат систем на ставови и вредности и ги развиваат своите индивидуални способности.

Во планирањето и реализацијата на наставата се посветува потребното внимание на сите категории ученици: просечните ученици, талентираните и учениците со посебни образовни потреби. Согласно со Наставниот план во училиштето се организираат и реализираат следните облици на настава:

- Задолжителна настава
- Изборна настава
- Дополнителна настава
- Додатна настава
- Слободни ученички активности

-*Организација на задолжителна настава*

Задолжителната настава претставува основа за реализација на планираните воспитно-образовни цели на основното образование и овозможува вертикална проодност за понатамошното школување на ученикот во средното образование.

Задолжително образование на учениците според старосната возраст започнува од 5 години и 8 месеци до 15 години поделено во три периода и тоа од I до III, од IV до VI и од VII до IX одделение.

- Запишувањето на учениците во I одд. за учебната 2014/2015 год. се изведува според начинот и во согласност со Законот за основно образование и е во надлежност на комисијата за упис на првачиња.
- Во училиштето сеуште е во тек деветгодишното образование, задолжителен странски јазик е англискиот, а втор странски јазик е францускиот јазик.
- Пред почетокот на учебната година се изработува распоред на редовна настава, до 15 септември и распоред за додатна и дополнителна настава, како и распоред за дежурства на наставниците и учениците.
- Наставниот процес ќе се изведува согласно со Наставниот план и Програм на Министерството за образование на Р.Македонија, Бирото за развој на образованието и плановите и програмите на училиштето.
- Носители на наставниот процес се наставниците, поединечно, одговорните наставници на активите, педагогот и директорот на училиштето, кои ќе ги реализираат своите задолженија и активности според своите глобални и тематски планирања кои ги изготвуваат на почетокот на учебната година.

Наставата се реализира преку наставни часови. Секој наставен час трае 40 минути. Редоследот на наставните часови се уредува со распоред на часови кој го изготвува наставникот Витомир Лазороски. Според педагошката евиденција наставната година се реализира во вкупно 180 наставни денови. Помалиот број на наставни часови се должи на празничните денови во работната недела. Сепак, планираниот број на часови по наставни предмети е реализиран со минимални отстапувања. Направени се значителни чекори во осовременување на оценувањето преку воведување на стандарди за оценување, подобрена е јавноста на критериумите, применувани се различни форми и методи за оценување, подобрен е квалитетот на тестовите.

На часовите по задолжителна настава често се користат стратегии и техники на учење за кои нашите наставници се обучени преку проектите што се реализираат во училиштето: „Креативна настава и учење„ , „ Со читање и пишување до критичко мислење„ , „Чекор по чекор„ , како и по пат на многубројни семинари и работилници. Ќе се применуваат техники за учење по повеќе предмети во одделенска и предметна настава: македонски јазик, математика, англиски јазик, хемија, биологија, геграфија, историја и музичко образование, а на тие часови учениците се инструирани за самостојно истражувачко учење, за тимска кооперативна работа во групи и исто така тренирани се за презентирање (прилог LXI Настава).

-*Изборна настава*

Врз основ на укажувањето на МОН на крајот на наставната 2013/2014 година во училиштето се одржаа родителски средби, на кои беа спроведени анкети за избор на учениците за предложените изборни предмети. Врз основа на анкетите кои се спроведоа меѓу учениците и родителите, одделенските раководители добија податоци за определеноста на учениците за изборните предмети и колкава е точната бројка на учениците за изборните предмети. На тој начин се утврдија изборните предмети за 2014/2015 година, за кои имаше пријавено најголем број на ученици.

1. VIа и VIб одделение - Класична култура на европската цивилизација;	**2. VIIа VIIб одделение** - Вештини на живеењето; Нашата татковина
3. VIIIа одделение (осмолетка) - Проекти од музичка уметност;	**4. IXг и IXв одделение** - Проекти од музичка уметност;
5. Vа и Vб одделение - Творештво;	**6. IVа и IVб одделение** - Творештво.

-Дополнителна настава

Дополнителната настава ќе се организира за оние ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако

- имаат најмалку две слаби оценки,
- имаат слаби резултати по одреден наставен предмет,
- отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и
- на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател,
- ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмогу по два наставни преднети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет,
- доколку ученикот не ги посетува часовите по дополнителна настава добива неоправдан изостанок,
- за упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува родителот односно старателот.

-Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици).
Додатната настава за учениците наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.
Додатна настава е реализирана со учениците кои покажаа посебен интерес и натпросечни резултати по одделни наставно-научни дисциплини и исто така се изведува според распоредот направен на почетокот на учебната година,а најинтензивно е реализирана во периодот пред да се организираат натпревари. Најдобриот показател за поинтензивна додатна настава се остварените резултати на натпреварите по пооделните предмети.

-Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани деца

Надареноста како феномен секогаш претставува предизвик за истражување и проучување, тргнувајќи од препознавањето и идентификацијата на надарените ученици чија што интелектуална способност отскокнува од останатата популација на ученици, па се до изнаоѓање на форми и методи за работа со оваа категорија на ученици. За работа со надарените ученици, наставниците изработуваат:

- **збогатена и проширена програмата -** се спроведува за учениците со исклучителни способности - ***талентираните ученици*.**

Реализацијата на индивидуализирани програми за надарените ученици се спроведува преку додатна настава и слободни ученички активности.Целта на ова е подготовка на учениците за натпреваи и други манифестации.Со нивното додатно ангажирање се овозможува јакнење на самодовербата, развивање на натпреварувачки дух и зголемување на мотивот за лична афирмација.
Од друга страна тоа претставува голем допринос за афирмација и зголемување на угледот на училиштето во поширокатa општествена средина (прилог XXXIV).

-Индивидуален план за образование на учениците со посебни потреби

Индивидуален образовен план (во натамошниот текст ИОП) како официјален пишан документ ќе биде потребен за многу мал број на деца, односно каде што сме препознале дека на детето му треба дополнителна подршка во учењето, преку редовни подготовки за прилагодување и користење на различни методи, видови на работа, визуелни помагала и слични приспособувања, кои го олеснуваат и ги отстрануваат бариерите за учење и учество во класот.ИОП е инструмент за планирање и следење, кој треба да го олесни учењето и напредокот на секое дете. Целта на образованието не е само усвојување на предметот- наставните единици, туку и подготовка за живот и работа. Нашата улога е да одговориме на нивните потреби за поддршка во образованието со цел да се постигнат овие цели (програма за работа прилог XXXV).

ИОП е напишана за едно дете, според неговата образовна потреба а произлегува од неговите можности и способности. Во врска со ова, мора да се нагласи дека не постои одреден ИОП за одредена "дијагноза". Како што децата од "типичен" развој се разликуваат меѓу себе, таков е случај со деца кои имаат одредени тешкотии, пречки во развојот или инвалидност. Ако сме запознаени со дијагнозата на детето може да ни помогне во стратегиите за планирање, но секогаш треба да се има на ум дека не постои еден готов "рецепт" за едукација на децата од одредена група.

Оттука и зборот "индивидуален" во фразата индивидуален образовен план. Тој збор не укажуваат на индивидуална работа со детето, што е честа заблуда. Всушност, правото на индивидуален образовен план, неговата имплементација и евалуација јасно предвидува дека ИОП првенствено се реализира во рамките на заедничките активности во група во училиште-училницата, т.е. наставникот во планирањето на својата работа во група или одделение, вклучува мерки и активности предвидени со ИОП.

-*Проекти во училиштето*

Реден број	Училиштето и понатаму ќе продолжи со реализација на проектните активности
1	Чекор по чекор;
2	Проект Модернизација на образованието;
3	Проектни активности поврзани со невладиниот сектор и локалната средина;
4	Еколошко воспитание;
5	Доживотно учење (ETWIINNIG)
6	Превенција од конфликти (УНИЦЕФ во соработка со БРО);
7	Проект за Меѓуетничка интеграција во образованието, Проект Градиме мостови
8	Проект за Интеграција на еколошка едукација во Македонскиот образовен систем

-*Табеларен преглед на планирани часови со имплементација на ИКТ*

Современата настава им овозможува на учениците пристап до најновите информации, податоци и им овозможува самостојно или групно истражување на интернет со цел добиените информации да им останат како трајни знаења. Информатичко компјутерската технологија во голем процент е застапена во наставата, секој наставник во своите планирања има предвидено значаен процент на часовите со употреба на ИКТ во некој дел од часот.

Часови за одделенска настава со имплемантација на ИКТ										
	I		**II**		**III**		**IV**		**V**	
	Г	**ИКТ**	**Г**	**ИКТ**	**Г**	**ИКТ**	**Г**	**ИКТ**	**Г**	**ИКТ**
Македонски јазик	**216**	**65**	**216**	**65**	**216**	**65**	**180**	**54**	**180**	**54**
Математика	**180**	**55**	**180**	**55**	**180**	**55**	**144**	**44**	**144**	**44**
Англиски јазик	**72**	**22**	**72**	**22**	**108**	**33**	**108**	**33**	**108**	**33**
Ликовно образование	**72**	**22**	**72**	**22**	**72**	**22**	**72**	**22**	**72**	**22**
Музичко образование	**72**	**22**	**72**	**22**	**72**	**22**	**72**	**22**	**72**	**22**
Природни науки	**72**	**22**	**72**	**22**	**72**	**22**	**-**	**-**	**72**	**22**
Техничко образование	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**36**	**11**	**72**	**22**
Општество	**36**	**11**	**36**	**11**	**36**	**11**	**72**	**22**	**72**	**22**
Природа, природни науки	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**72**	**22**	**72**	**22**
Физичко и здравствено образование	**108**	**5**	**108**	**-**	**108**	**6**	**108**	**7**	**108**	**7**
Час за одд. заедница	**-**	**-**	**36**	**-**	**36**	**-**	**36**	**-**	**36**	**-**
2. Изборен предмет Творештво	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**36**	**11**	**36**	**11**

Часови за предметна настава со имплемантација на ИКТ								
	Одделенија							
	VI		VII		VIII		VIII	
Наставни предмети 1. Задолжителни предмети	Г	ИКТ	Г	ИКТ	Г	ИКТ	Г	ИКТ
Македонски јазик	144	43	144	43	144	43	144	43
Англиски јазик	108	33	108	33	108	33	108	33
Француски јазик	72	22	72	22	72	22	72	22
Математика	144	43	144	43	144	43	144	43
Историја	72	22	72	22	72	22	72	22
Географија	-	-	72	22	72	22	72	22
Граѓанска образование	-	-	-	-	36	11	36	11
Етика	-	-	36	11	-	-	-	-
Биологија	-	-	72	22	72	22	72	22
Физика	-	-	-	-	72	22	72	22
Хемија	-	-	-	-	72	22	72	22
Техничко образование	36	11	-	-	-	-	-	-
Информатика	72	22	36	11	-	-	-	-
Ликовно образование	36	11	36	11	36	11	36	11
Музичко образование	36	11	36	11	36	11	36	11
Физичко и здравствено образование	108	33	108	33	108	33	108	33
Природни науки и техника	108	33	-	-	-	-	-	-
Час за одд. заедница	36	-	36	-	36	-	36	-
2. Изборни предмети Класична култура во европската цивилизација	72	22	-	-	-	-	-	-
Вештини на живеење	-	-	72	22	-	-	-	-
Нашата татковина	-	-	72	22	-	-	-	
Проекти од музичка уметност	-	-	-	-	72	22	72	22

10. Оценување

Редовното оценување на напредокот и постигнувањата на учениците е составен дел од учењето и напредокот на училиштето. Голема е разноликоста од активности со кои се оценува ученикот.Оценувањето на ученикот е комплексна работа која влијае врз ученикот и наставникот. Истото треба да го разбереме како следење на напредокот на ученикот при што ни дава информација за постигнатите поставени цели, со што дава повратна информација на наставникот за неговата работа.

Во училиштето може да се користат различни оценувачки активности кои пак се дефинирани на слениве принципи:

- Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.
- Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик
- Можност за напредок-приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобрат постигањата.
- Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците.
- Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување,градење критериуми, водење портфолија и сл.)

- Оценувањето е од отворен тип и е јавно.
- Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.
- Голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.
- Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците кое се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализи на состојбите во четири класификациони периоди.

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период (I до III одд) се оценува описно, во вториот период (IV-VI одд) постигањата на ученикот по задолжителни и изборни предмети се оценуваат описно и бројчано(на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година оценувањето е бројчано, а по класификационите периоди-тромесечја описно). Учениците од третиот период (VII-IX одд) се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5).
Анализите се однесуваат на следните педагошки појави: општ успех по предмети, редовност на учениците и поведението на учениците (прилог XVIII акциски план за оценување).

Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, објективни тестови, писмени вежби, усни вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.
(прилог XXXIX. План за следење, вреднување и унапредување на воспитно образовната работа).
Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката е должен за постигнатиот успех на учениците да ги известува родителите најмалку четирипати во текот на учебната година-на родителски средби,преку разговори и електронски дневник.
Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно и со екстерно проверување. Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците на крајот на секоја наставна година за учениците од четврто до деветто одделение го организира и спроведува училиштето преку училишна комисија.Училишната комисија за екстерно проверување на постигањата на учениците ќе биде составена од пет члена.

Начинот на формирање и работење на училишната комисија, тајноста на материјалот за екстерно проверување, начинот и постапката на проверување на тестовите од училишната комисија, како и формата и содржината на извештајот ги пропишува министерот по предлог на Државниот испитен центар. Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се врши со тестови кои ги изготвува Државниот испитен центар на предлог на Бирото. Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се врши согласно со наставниот план, а врз основа на генерален распоред изготвен од страна на Државниот испитен центар на предлог на Бирото. Врз основа на генералниот распоред училишната комисија подготвува интерен распоред по паралелки, наставни предмети и наставници за спроведување на екстерното проверување во училиштето. Интерниот распоред го усвојува наставничкиот совет на училиштето. Резултатите од екстерното проверување на постигањето на успехот на учениците училиштето ги запишува во свидетелството за завршено одделение.

11. Воннаставни активности

-Училишен спорт

Во рамките на нашето училиште постојат неколку спортски екипи кои години наназад учествуваат во општинските училишни лиги во општина Карпош.Во учебната 2014/2015 година во нашето училиште ќе работат следните спортски екипи: екипа во фудбал (машки), екипа во одбојка (девојчиња), екипа во кошарка (машки), редовно учествуваме на атлетски натпревари, Кросеви-Пролетен-Есенски, шаховските натпревари, игрите без граници.
Подготовките и тренинзите ќе се одвиваат континуиано во текот на целата учебна година, во зависност од распоредот од општината и дополнителните активности во соработка со другите училишта од општина Карпош и партнер училиштето од проектот МИО.
Учениците кои ќе земат учество во спортските екипи се селектирани и водени од наставникот по физичко и здравствено образование и одделенските наставници.
Освен училишните спортски екипи и поединци, забележителни резултати постигнуваат и нашите спортисти кои се натпреваруваат во поединечните спортови.

Освен училишните спортски екипи и поединци, забележителни резултати постигнуваат и нашите спортисти кои се натпреваруваат во поединечните спортови.

Планирана активност	Цели	Форми на ативноста	Време	Услови за работа	Очекувања
Формирање на училишна	Совладување на основни	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	9,10,11,12,3, 4,5м.-	Училишна спортска сала	Развој и популаризација на Одбојката во училиштето,како и постигнување

Одбојкарска(ж) екипа	одбојкарски елементи и примена во игра		2014/15г.		добри резултати на натпревари.
Формирање на училишна Кошаркарска(м) еипа	Совладување на основни Кошаркарски елементи и примена во игра	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	9,10,11,12,3, 4,5м.- 2014/15г	Училишна спортска сала	Развој и популаризација на Кошарката во училиштето,како и постигнување добри резултати на натпревари.
Формирање на училишна Фудбалска(м) еипа	Совладување на основни Фудбалски елементи и примена во игра	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	9,10,11,12,3, 4,5м.- 2014/15г	Училишна спортска сала	Развој и популаризација на Фудбалот во училиштето,како и постигнување добри резултати на натпревари.
Формирање на училишна Ракометна(м,ж) екипа	Совладување на основни Фудбалски елементи и примена во игра	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	9,10,11,12,3, 4,5м.- 2014/15г	Училишна спортска сала	Развој и популаризација на Ракометот во училиштето,како и постигнување добри резултати на натпревари.
Посета и учество на Атлетски натпревари,Кросеви-Пролетен-Есенски	Совладување на основите на елементи од Брзо и Издржливо трчањево	Училишни тренинзи-после редовни училишни часови	9,10,11,12,3, 4,5м.- 2014/15г	Училишна спортска сала-надворешен терен	Развој популаризација на Атлетиката во училиштето,како и постигнување добри резултати на натпревари.

(прилози за воннаставни активности XIII еко активност,XIX план одделенска, XX план предметна, XXI план евалуација, XXII план за екскурзии, XXVI јавна и културна дејност)

-Секции и слободни ученички активности

УЧЕНИЧКИ СЕКЦИИ ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ВО ООУ.„ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ" ВО УЧЕБНАТА 2014/2015 ГОД.		
Бр.	**СЕКЦИЈА И ОДДЕЛЕНИЕ**	**Одговорен наставник**
1.	драмско-рецитаторска, ликовно-творечка и математичка секција, Iа	Мирјана Алексова Лидија Исајловска
2.	драмско-рецитаторска, ликовно-творечка и математичка секција, Iб	Павловска Оливера Велкова Тања
3.	ликовна и литературна секција, IIа	Ѓеоргиева Анета Зашева Светлана
4.	ликовна и литературна секција, IIб	Постолова Ленче Топалова Благица
5.	литературно-драмска и ликовна секција,IIIа	Симовска Снежана Богоевска Катица
6	литературно-драмска и ликовна секција,IIIб	Георгиева Елеонора Д.Урошева Владанка
7.	ликовна, литературна и музичка секција, IVа	Ковачевска Валентина Ч.Терзич Елена

8	ликовна, литературна и музичка секција, IVб	Дочинска Катерина Јанковска Цакич Маја
9	драмско-рецитаторска, ликовно-творечка и математичка секција, Va	Силвана Арсовска
10	драмско-рецитаторска, ликовно-творечка и математичка секција, Vб	Аначкова Анета

УЧЕНИЧКИ СЕКЦИИ ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА ВО ООУ.„ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ” ВО УЧЕБНАТА 2014/2015 ГОД.		
Бр.	**СЕКЦИИ**	**Одговорен наставник**
1.	музичка секција	Ќосев Анѓел
2.	спортска секција	Здравковска Сузана
3.	француска секција	Китевска Јаворка
4.	англиска секција	Станчевска Даниела
5.	англиска секција	Аврамовска Весна
6.	новинарска и рецитаторска секција	Страшевска Ана
7.	драмска секција	Алаџајкова Ленче
8.	географска секција	Гичевски Билјана
9.	секција *Млади физичари*	Митреска Јулија
10.	информатичка секција	Ханциска Дијана
11.	секција *Млади хемичари*	Радевска Даниела
12.	секција по биологија	Тодоровски Горан
13.	историска секција	Никиќ Миливое
14.	ликовна секција	Ружиновска Лилјана
15.	Математичка секција	Витомир Лазороски

-Ученички натпревари

Натпреварите по одредени предмети се значаен и незаобиколен сегмент од образованието на учениците. Со учеството на учениците на натпревари се развива натпреварувачкиот дух и талентот, но, истовремено, се прошируваат и се продлабочуваат нивните интереси за знаењата по одредени предмети. Учениците од нашето училиште учествуваат на различни напревари, организирани во повеќе нивоа: училишни, општински, регионални, државни и меѓународни. Некои од натреварите се само со ревијален карактер, особено каде што се вклучени ученици од одделенска настава. Некои од натпреварите се опционални, во зависност од тоа дали натпреварувачите ќе се квалификуваат на повисоко ниво на натпреварување. На натпреварите на кои организаторите имаат акредитации од Министерството за образование и наука, наградите на учениците подлежат и на државна евалуација (прилог XXIII).

-Општествено корисна и хуманитарна работа

Општествено корисната и хумана работа е битен дел од едукацијата на учениците во училиштето, со вклучување во различни активности од ваков карактер како: хуманитарни акции што подразбираат - собирање парични средства, донирање на облека, собирање на училишен прибор, собирање стара хартија за рециклирање, средување на училниците, чистење и уредување на училишниот двор и др., има за цел да се развива интерес кај учениците за вклучување во општествено корисна работа и задоволство од работата, поттикнување на хуманоста и солидарноста кај децата, развивање на позитивен однос кон другарчињата. Нашето училиште, вклучително и нашите ученици во минатото, а таа интенција ќе продолжи и во иднина, секогаш се вклучувало активно во хуманитарни акции кои биле организирани во нашата општина, како и при разни општествено корисни работи. Со што можеме со дигнитет да потврдиме дека целта секојдневно ја остваруваме во едуцирање на нашите ученици за прифаќање на општо корисната и хуманитарната работа како важен дел од нивниот живот (прилози XXIV, XXV).

12. Поддршка на ученици

-Постигнувања на учениците

Во нашето училиште, ученикот е главен субјект при реализацијата на воспитно-образовниот процес. Во таа насока, училиштето ги презема сите потребни активности за да им овозможи на сите ученици добри услови и можности за постигнување на солидни образовни резултати. Училиштето води целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Постојано, во текот на годината, стручната служба и наставниците прават анализи, (а се согледуваат и потребите направени со самоевалвацијата) за потребите на учениците, но и на наставниците, кои ќе доведат до подобрување и унапредување на наставата. Во овој дел се става акцент и на идентификацијата и утврдувањто на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби, за што треба да се изработат посебни програми, коишто вклучуваат активности и систем за следење на напредокот на овие ученици.

Стручните активи во својата програма за работа имаат планирано реализација на нагледни часови со користење на методи на активна настава и ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците.

Постигнувањата на учениците се промовираат во самото училиште (огласна табла, разглас, училишен ѕиден весник) и надвор од училиштето (на web страната на Општина Карпош), весници, телевизии (прилог XVI акциски план за поддршка на ученици, прилог XXXIII Професионална ориентација прилог XXVII ученичка заедница прилог XXVIII детска организација).

-Превентивни програми

Превентивните програми кои планираме да се реализираат во нашето училиште имаат за цел проширување на знаењата на учениците за одредени актуелни теми како и развивање на животни вештини со што би се отфрлиле неприфатливите облици на однесување. Воедно ќе допринесат за развивавње на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на проблеми.

Превентивните програми ќе опфатат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини.Значајно внимание ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството (прилози XXXVI Програма за спречување на насилство, XXXVII Обезбедување на материјални средства на ученици).

Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така ќе биде дел од овие програми кои ќе се реализираат во соработка со надлежните институции.

Превентивните програмите ќе се реализираат преку редовната настава (одделенски час –програма за животни вештини, изборната настава како и вон наставни активности.

-Безбедност во училиштето

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено ***План за заштита и спасување*** кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди (прилог XVII).

-Позитивна социо емоционална-клима

Промените што се случуваат во општеството и воопшто во светот, и брзиот развој на технолошките процеси особено се одразуваат врз човекот и семејството како основна клетка во општеството (прилог XXXVIII Програма за позитивна социо емоционална клима).

Таквите промени се особено стресни и се одразуваат на сите и на најмалите членови - децата. Децата своите и проблемите на семејството ги носат во училиштето.Првите интеракции и комуникација се одвива помеѓу наставниците и учениците.Сите наставници не умеаат да се справат со одредено однесување на учениците поради што погрешно се толкува и создава вознемиреност и кај наставникот и кај ученикот.Лошо се одразуваат на личноста, на училишната клима и воспитно образовниот процес.

За учениците кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) училишниот психолог ќе реализира индивидуални разговори и работилници. За реализација на овие работилници и други групни активности со учениците и нивните родители, ќе се изготват акциски планови и програми за работа, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците.

13. Грижа за здравјето

-Хигиена, систематски прегледи и вакцинирање

Во училиштето во текот на целата учебна година се води грижа за зачувување на здравјето на учениците, и се преземаат мерки за негово подобрување. Програмата за заштита на здравјето на учениците се темели на законските прописи кои се одредени од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, сознанијата за развојните карактеристики на училишната возраст и психолошка, здравствена и физичка состојба на учениците. Грижата за здравјето на учениците се реализира преку следните активности:

- редовни систематски прегледи и имунизација на учениците, во соработка со здравствените институции во општина Карпош,
- одржување на личната хигиена преку интеракција наставник-ученик и ученик-ученик,
- унапредување на здравјето преку редовна физичка активност,
- организирање на спортски натпревари од страна на општината и училиштето за подобрување на здравјето на учениците,
- редовно одржување на хигиената на училиштето и училишниот двор како простори каде учениците го поминуваат најголемиот дел од денот.

(прилог XXX Програма за заштита на здравјето на учениците)

Во соработка со Детскиот диспанзер Карпош во текот на учебната 2014/15 година ќе се спроведат систематски прегледи, прегледи на забите и вакцинација на учениците:

Активност	Време на реализација	Одделение	Место на реализација
Систематски преглед со залевање на забите	Септември	6	Детски диспанзер Карпош
Вакцина против дифтерија, тетанус и детска парализа	Ноември	8	Детски диспанзер Карпош
Вакцина против дифтерија, тетанус и детска парализа	Ноември	2	Детски диспанзер Карпош
Систематски преглед	Ноември	7	Детски диспанзер Карпош
Систематски преглед	Ноември	5	Детски диспанзер Карпош
Систематски преглед	Ноември	3	Детски диспанзер Карпош
Систематски преглед со залевање на забите	Ноември	5	Детски диспанзер Карпош
Систематски преглед со залевање на забите	Декември	4	Детски диспанзер Карпош
Систематски преглед со залевање на забите	Март	2	Детски диспанзер Карпош
Систематски преглед на заби	мај	7	Детски диспанзер Карпош

-Едукација за здрава исхрана

Здравата исхрана подразбира внесување на балансирано количество на протеини, јаглени хидрати, масти, витамини и минерали. Здравата исхрана се базира на внесување на поголеми количини на протеини и јагленохидрати, а помалку масти. Во исхраната посебно е важен внесот на витамини и минерали, кои ги има најмногу во свежото овошје и зеленчук.

Со здрава исхрана, како и со редовна физичка активност, се овозможува зачувување на здравјето, а се намалува и вишокот на телесна тежина, која е исто така важен фактор на ризик за повеќе малигни заболувања.

Овошјето и зеленчукот се богати со витамини и минерали кои се природни одбрамбени состојки против многу болести. Се препорачува да се јадат 5 порции од овошје и зеленчук дневно. Една оптимална порција тежи околу 80 грама.

Со тоа се смета дека се намалува и ризикот од срцеви заболувања, шеќерна болест, повеќе видови на карциноми и други заболувања. Научниците, сеуште не ги идентификувале сите хранливи состојки, кои делуваат на заштитата на организмот против болестите. Затоа се препорачува да потребните витамини и минерали се внесуваат со свежото овошје и зеленчук, а не преку синтетски препарати, разни додатоци или екстракти од храна, кои може да се купат во аптеките. Овие синтетски произведени извори на витамини и минерали не се така ефикасни, бидејќи не ги содржат сите корисни хранливи материи.

Главна цел на програмата за унапредување на здравјето е (прилози XXX и XXXI):

- формирање на психички, физички и социјално здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.
- формирање на личност која постојано ќе собира нови знаења за здравјето и здравата исхрана.
- доживотно практикување на здрава исхрана и учење за истата.

Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, училишната амбуланта „Карпош“ - оддел за училишна возраст, Заводот за здравствена заштита и поширокаата заедница.

Стручната служба, одделенските раководители и наставниците по биологија во своите програми за работа планираат реализација на програми за здравствена едукација, здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности и СПИ.

Нашето училиште, „Х.Т. Карпош“ има стратегија за постојано водење на грижа за здравјето на секој ученик и работник. Во контекст на тоа се организираат предавања за здрава и правилна исхрана од страна на одделенските наставници, одделенските раководители, одговорни наставници по Биологија, како и стручни лица од областа на гастрономија. Посебен акцент се става на врсничката едукација. За постручна информација се контактираат стручни медицински лица. Нашата цел е учениците да знаат дека здравата исхрана е превенција за многу заболувања.

14. Училишна клима и односи во училиштето

Во нашето училиште, во текот на целата учебна година се води грижа за создавање и одржување на позитивна училишна клима, така што сите субјекти кои учествуваат во воспитно образовниот процес придонесуваат за создавање на пријатен амбиент и добри меѓусебни односи.

-Дисциплина

Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат следниве активности:

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Извори/ ресурси	Методи и постапки при реализација	Очекувани ефекти
Воведување во правилата на однесување	Септември 2014г.	Стручна служба, одделенски и предметни наставници	Кодекс на училиштето	Консултации со Директор и стручна служба	Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во училиштето
Изготвување распоред на дежурни наставници	На почетокот од учебната година	Одделенски и предметни наставници	Кодекс на училиштето	Состаноци и договор на ниво на стручен актив	Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници
Определување дежурни ученици за дежурства во училишниот ходник	Континуирано	Класни раководители и ученици	Кодекс на училиштето	Консултации со класните раководители	Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни ученици

Определување дежурни ученици по паралелки	Континуирано	Класни раководители	Кодекс на училиштето	Консултации со класните раководители	Позитивна училишна клима
Давање насоки за однесувањето во тоалетите	Во текот на целата учебна година	Наставници	Кодекс на училиштето	Консултации и средби со стручна и техничка служба	Позитивна училишна клима
Соработка со Агенција за обезбедување	Во текот на целата учебна година	Директор	Кодекс на училиштето	Состаноци и договор со агенцијата за обезбедување	Позитивна училишна клима
Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор	Континуирано	Дежурни наставници и ученици	Кодекс на училиштето	Записници во дневникот за дежурства	Позитивна училишна клима

-Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Извори/ ресурси	Методи и постапки при реализација	Очекувани ефекти
Уредување и одржување на училниците	Во текот на целата учебна година	Класни раководитеки и ученици	Изработки од учениците	Разговор, практична работа	Креативно уредена училница и пријатна атмосфера за работа
Уредување на училишниот хол и ходниците	Континуирано	Наставници и ученици	Изработки од учениците, дипломи, пофалници	Разговор, практична работа	Претставување на работата на наставниците и учениците и развивање на свест за естетски вредности
Уредување и одржување на училишниот двор	По потреба	Техничка служба, наставници и ученици	Алат за работа и садници	Разговор, практична работа	Естетско уреден и функционален училишен двор
Еко уредување на училишниот простор	Континуирано	Наставници и ученици	Еколошки материјали, Човечки ресурси	Разговор, практична работа	Развивање на еколошката свест

-Етички кодекси

Во училиштето години наназад има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките заедници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.

-Мултикултурализам

- Спроведување на самостојни заеднички активности на наставниците и учениците со партнер училиштето.
- Учење за јазикот,културата,обичаите,традицијата на другите етнички заедници.
- Надминување на стереотипите кај учениците, прифаќање на сличностите и почитување на разликите.
- Заедничка проектна активност со партнер училиштето во кое ќе бидат вклучени наставници, ученици и родители.Овие заеднички активности со учениците од различен етнички состав се спроведуваат со цел да се развијат односи на лично ниво.
- Промоција на активностите пред медиумите,локалната самоуправа,родителите, наставниците и учениците на двете партнер училишта.
- Спроведување на самостојни активности на наставниците во училиштето преку кој се промовира мултикултурата,почитта,разбирањето на друга етничка заедница.

- Примена на меѓуетничка интеграција на часовите по животни вештини во предметна и одделенска настава.
- Застапеност на МИО во останатите предмети на наставните часови и различни групи (прилог XIV акциски план за МИО).

-Односи меѓу сите структури

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Извори/ ресурси	Методи и постапки при реализација	Очекувани ефекти
Избор на тим составен од сите структури за вршење анализа на критичките точки во комуникацијата во училиштето	Септември, 2014г.	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници	Кодекс на училиштето	Разговор	Тим кој ќе врши анализа на критичките точки во комуникацијата во училиштето
Изготвување на анкети и прашалници за утврдување на критичките точки во комуникацијата	Септември, 2014г.	Директор, стручна служба, одделенски и предметни наставници	Кодекс на училиштето, анкети и прашалници	Разговор, демонстративен,	Анкети и прашалници преку кои ќе се утврдат критичките точки во комуникацијата
Анализа на анкетите и прашалниците	Септември/ Октомври 2014г.	Одговорни наставници	Анкети и прашалници	Систеност и постапност во средувањето на добиените податоци	Податоци добиени од анкетите и прашалниците
Изготвување на план за подигнување на квалитетот на комуникацијата	Октомври, 2014г.	Одговорни наставници	Кодекс на училиштето, анкетни листови со сугестии	Консултации	План за подигнување квалитетот на комуникација
Рализирање на активности со цел надминување на критичките точки во комуникацијата	Во текот на целата учебна година	Директор, стручна служба, наставници	План за подигнување на квалитетот на комуникацијата меѓу вработените во училиштето и учениците	Практична работа	Позитивна и пријатна работна атмосфера

15. Професионален развој на образовниот кадар

- ***Детектирање на потребите и приоритетите***

Концептот , односно мотото под кое нашиот кадар се води е *„учењето е доживотен процес“*. Во тој контекст нашиот образовен кадар редовно ги следи новините кои се однесуваат во образовниот процес и зема активно учество.

Во однос на детектирањето на потребите за професионален развој, можеме да кажеме дека на наставничките состаноци, како и на редовни состаноци во училиштето, самите наставници покажуваат инцијатива и искажуваат потреба за одредени обуки кои им се потребни како поуспешно би ги реализирале наставните содржини. Исто така можеме да истакнеме дека стручната служба преку анкети кои ги спроведува меѓу наставниците исто така детектира и ги приоретизира оние обуки кои што би имале примарно значење за наставниците со цел подобра работа со учениците во целост, како и за повисоко ниво на реализација на наставниот процес.

- ***Активности за професионален развој***

По утврдување на потребите за професионален развој на наставниците , следниот чекор е планирање, организирање и спроведување на интерни обуки и работилници со цел задоволување на потребите на наставниците за надградување на своите знаења и унапредување на наставниот процес. Исто така, наставниците посетуваат и екстерни семинари со цел проширување на своите знаења , а потоа своите нови искуства преку дисеминација на новините ги пренесуваат на останатите колеги (XVакциски план за професионален развој).

Од спроведената анкета во текот на минатата година , работилници и обуки кои ќе бидат спроведени во текот на годината ќе бидат:

- Работилница за пристап при работа со деца со емоционални проблеми - (реализатор: психолог, дефектолог)
- Обука за работа со деца со АДХД - (реализатор: психолог, дефектолог)
- Обука за работа со деца со Аутизам - (реализатор: психолог, дефектолог)

- ***Личен професионален развој***

Потстрекот за личниот професионален развој кај наставниците , покрај што е воден од сопствените желби за професионално надградување, поттикнат е и преку вреднување на нивните новостекнати знаења кои тие успешно ги применуваат во секојдневната работа, со издавање сертификати, кои се мотив повеќе за активно учество на семинари, обуки и работилници. Како и вреднување на нивните постигнувања преку интерни и екстерни тестирање, на кои можат да ги потврдат својот квалитет и успех во реализација на наставата и работата со децата.

- ***Хоризонтално учење***

Во контекст на досега кажаното кое се однесува на професионалниот развој на наставниот кадар, каде спаѓаат планирање и организирање на разни обуки, семинари , работилници, дисеминации и сл., со цел надградба, унапредување на наставниците и запознавање со нови методи и нов пристап на работа за издигнување на наставата во училницата на повисоко ниво , е познато како хоризонтално учење, со кое наставникот напредува во професијата, напредува како стручно лице. Но, тој напредок на наставникот не му носи унапредување , односно повисока позиција, туку само професионален напредок и поголем успех во реализација на наставниот процес.

- ***Тимска работа и училишна клима***

Тимската работа и појавата на интердисциплинарниот пристап нуди можност за согледување на појавите од различни аспекти, активирање на сите креативни потенцијали, можност за адаптација на промените и преструктуирањата, отвореност за нови искуства. Потребата од секојдневна соработка помеѓу раководниот кадар и тимот, помеѓу наставниицте, помеѓу наставниците и учениците, зборува за фактот дека комуникацијата помеѓу нив е неопходна пред се за успех во работата како и за унапредување на наставата. Помеѓу вработените се предвидува взаемно почитување , попродуктивна соработка и рамноправен однос помеѓу нив т.е помеѓу сите што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето се предвидуваат разни форми на соработка помеѓу наставниците изразени преку планирања, договори, семинари,работилници и сл. Раководниот и наставниот кадар тоа го постигнуваат преку ефективни состаноци со конкретни предлози и превземање на конкретни мерки, со отворена комуникација , со взаемно почитување и доверба, со почитување на мислењето на секој поединец и со конструктивно решавање на сите проблеми и ситуации.

16. Вклученост на семејствата во училиштето

- ***Во животот и работата на училиштето***

Основата цел на училиштето е активно вклучување на семејството во повеќе аспекти од животот и работата во одделението и училиштето воопшто. Ефикасната соработка детерминира постоење на односи на заемно почитување помеѓу одделенскиот наставник и родителите. Соработката со родителите се планира заедно со нив, зависно од можностите и интересите на самите родители и потребите на воспитно - образовниот процес. Преку Советот на родители односно програмата за работа, родителите се вклучени во сите активности на училиштето (прилог VIII).

Формите на соработка со родителите се разновидни:

- Разговори (индивидуални, во мали групи)
- Средби (индивидуални и групни родителски средби)
- Информирање на родителите (усно и писмено со белешки, тетратки, информативни материјали и др.)
- Планирање на воспитно - образовната работа
- Учество во реализацијата на одредени активности во одделението и во поширокаата средина
- Родителите даваат идејни планови за одредени активности во училиштето
- Учествуваат во донесување одлуки и решенија во интерес на сите субјекти во училиштето
- Заеднички излети, прошетки, театарски и куклени престави и сл.

- ***Во процесот на учење***

Родителот секојдневно се информира за постигнувањата и развојот на неговото дете, а од него се добиваат информации неопходно за планирањето, реализацијата и следењето на воспитно - образовната работа, постојано информирање за состојбите во процесот на учење, поддршка во работата на ученици со потешкотии во развојот и поддршка и за напредување на талентираните ученици(надарени ученици). Родителите самите даваат придонес во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства со што се олеснува самиот процесот на учење .

Со активна вклученост на родителите и постојаната соработка со училиштето се постигнува поголема контрола на самото дете и поголем ефект во воспитно - образовната работа а со тоа и подобри резултати во учењето (прилог XXXII Советување на родители).

- ***Во активностите во училиштето***

Советот на родители придонесува во подобрување на условите за работа и унапредување на реализација и на воннаставните активности во училиштето. Истовремено Советот на родители дава потполна поддршка на училиштето во спроведување на проектите што треба да се реализираат во текот на учебната година.

Соработка е воспоставена на начин што некои родители одржуваат предавања,работилници,изработуваат помошни наставно-дидактички средства,изработуваат разни проекти или земаат учество во изработка на проекти . Родителите активно се вклучени и при давањето помош на своите деца во изготвување на домашните задачи, во организацијата да се посетат културни институции,како музеј,опера,театар, при организирање на екскурзии, спортски натпревари и др.

- ***Во донесување одлуки***

Преку Советот на родителите, Училишната заедница, Училишниот Одбор, родителите активно партиципираат во давање предлози, идеи како и во нодење одлуки во училиштето кои што се од витално значење за функционирање на училиштето, наставниот процес и воннаставните активности.

- ***Едукација на семејството***

Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање едукативни работилници, разни предавања и советодавно-консултативни работилници , со цел родителите да бидат во тек со иновациите во образованието и како би можеле полесно да се вклучат во образовниот процес на своите деца.

- ***Изработка на брошура за родители***

На почеток од учебната година тим од наставници и стручни соработници во соработка со директорот на училиштето ќе изработи брошура со која ќе ги запознае учениците и родителите со најважните активности на училиштето во учебната 2014/2015 година.

17. Комуникација со јавност и промоција на училиштето

Улогата на комуникацијата во јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век.

Нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница. Реализираните активности и постигнувања во соработка со воспитно-образовни установи, претпријатија и други установи лоцирани во локалната заедница, учениците ги презентираат својата работа, знаења и постигнувања пред медиумите, поширокатa јавност и општината „Карпош“ (прилог XXIX план за соработка со локална средина).

-Локална заедница

Училиштето како воспитно-образовна институција е во постојан дијалог со локалната заедница, остварува перманентна и континуирана соработка, вклучувајќи го локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошките акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето. Овие активности ќе се реализираат низ повеќе форми на групна работа: состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени поводи во училиштето. Ќе се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности преку усна и пишана информација, изложбени паноа, учество во медиумите и електронска комуникација.

-Институции од областа на културата

Ќе се следат објавени конкурси и натпревари на кои ќе се учествува на литературни и ликовни конкурси, посета на културно - историски споменици, музеи, библиотеки, Дом на културата, кино - сали.

Училиштето својата соработка ја остварува со: Детски ликовен центар, Дом за стари лица, Здравствени установи од локалната средина ,борците,познати пејачи и други организации кои делуваат во околината.Планираме низа заеднички активности кои ќе ги реализираме во текот на учебната година: работилници за деца за цртан и анимиран филм, средба со борците, средба со старите лица од Домот за стари лица во Бардовци, средби со познати македонски писатели и познати македонски пеачи, средби со здравствени работници кои редовно во текот на учебната година одржуваат предавања на актуелни теми поврзани со здравјето на учениците и други активности.Училиштето соработува и со центарот за Социјални работи со цел за намалување на проблемите на учениците и проблемите со кои се соочуваме во секојдневната воспитно-образовна работа.

-Институции од областа на образованието

Во текот на годината перманентно ќе се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЕЛС — Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта, факултети идр. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна), преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари, работилници, хепенинзи, квизови на знаења,приредби, спортски натпревари, турнири, еколошки и хуманитарни акции и други активности.

-Невладини организации

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е планирана соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале:

- Детска амбасада Меѓаши, СОС центри, Младински културни центри, Еколошки друштва, Пакомак.

-Спортски друштва

Со цел да се афирмира спортот меѓу младите, нашето училиште соработува со голем број спортски друштва, меѓу кои се:
Р.К. Металург, Ф.К. Работнички, Федерација на училишен спорт на Македонија, Училишен спорт на град Скопје.
Активностите на планот на соработката со спортските друштва ќе се реализираат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај учениците.

-Соработка со здравствени институции

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес, нашето училиште на овој план соработува со голем број здравствени институции, меѓу кои се: Диспанзер Карпош - оддел за училишна медицина и училишна стоматологија, Приватни здравствени установи во локалната средина, Центар за социјални грижи, Центар за јавно здравје**.**

Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано ќе се заштитува здравјето на учениците.

-Соработка со медиуми

Соработката со медиумите е вежен дел во соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето училиште има потреба од афирмација на неговата работа и постигнатите резултати, со цел јавноста да има увид во начинот на работење, целите и резултатите што притоа се постигнуваат. На овој начин и ученикото творештво и постигања во разни области добиваат можност за поширока афирмација.На овој план е предвидена соработка со повеќе печатени и електронски медиуми, како што се: МТВ, Сител ТВ, Телма, Канал 5, Алфа ТВ, списанијата за деца и млади: Развигор, Другарче, Наш свет, дневниот печат.

Како одговорно лице за остварување контакт со медиумите е определена библиотекарката Билјана Огнаноска, а како нејзини соработници се назначени наставниците Ленче Алаџајкова, Ана Страшевска, Ангел Ќосев, Лилјана Ружиновска, Маја Јанкоска Цакиќ**.**

18. Прилози

I. Програма за работа на директорот
II.Програма за работа на Училишниот одбор
III.Годишна програма за работа на училишниот педагог
IV.Програма за работа на психологот
V.Програма за работа на Дефектологот
VI.Програма за работа на библиотекарот за учебната 2014/15година
VII.Програма за работа на Наставнички совет
VIII.Програма за работа на Советот на родители во текот на учебната 2014/2015
IX.Програма за работа на Одделенски совет
X.Програма за работа на стручниот актив одделенска настава
XI.Програма за работа на стручен актив на општествена група предмети
XII.Програма за работа на стручен актив од природна група на предмети
XIII. Акциски план за еколошки активности
XIV. Акциски план за МИО за учебната 2014-15 година
XV. Акциски план за професионален развој на наставниците и стручните соработници
XVI. Акциски план за поддршка на учениците
XVII. Акциски план за активности за безбедност во училиштето
XVIII.Акциски план на активностите за оценување
XIX. Акциски план за одделенска настава
XX. Акциски планови на воннаставни активности во учебната 2014/15год. во предметна настава
XXI. План за евалуација на акциските планови
XXII. Ученички екскурзии и посети
XXIII. Програма за ученички натпревари
XXIV. Акциски план за општествено корисна и хуманитарна работа
XXV. Акциски план за Подмладок на Црвен крст
XXVI. Акциски план за јавна и културна дејност
XXVII.Ученичка заедница
XXVIII.Акциски план за детска организација
XXIX. План за соработка со локална средина
XXX.Програма за заштита на здравјето на учениците
XXXI. Акционен план за заштита на здравјето на учениците
XXXII. Програма за советување на родители
XXXIII. Програма за професионална ориентација на учениците од IX одделение
XXXIV. Програма за работа со надарени и талентирани ученици
XXXV. Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето
XXXVI. Програма за спречување на насилството во училиштето
XXXVII. Процедура за обезбедување на материјални средства за ученици од понизок социјално-економски статус
XXXVIII.Позитивна социо-емоционална клима-Програма за работа
XXXIX. План за следење, вреднување и унапредување на воспитно образовната работа
XL. Програма „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем”
XLI. Настава
XLII. Програма за хор и оркестар

19. Инструмент за подготовка, следење и евалвација на програмите и акционите планови

Година 2013/2014																		
	Временска рамка (месец)															Следење		
Активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**	**X**	**Потребен буџет**
Следење на реализација на часови со примена на активна настава													Директор Психолог Педагог	Посета на час Разговор Увид во дневни подготовки	Чек листа Записник фотографии	Осовременување на наставата	Директор		500,00 денари
Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава													Директор Педагог Психолог Претседатели на стручни активи	Анализа на посетените часови Препораки за унапредување на дејноста	Чек листа Записници од одржани состаноци	Професионален развој на наставниот кадар	Директор		500,00 денари
Следење на реализација на додатна и дополнителна настава													Директор Педагог Психолог Стручни активи	Увиди во записници од додатна и дополнителна настава Посети на час Статистички анализи	Записници Формулари за анализи Листи за редовност	Подобрување на училишниот успех	Претседатели на стручни активи		/

Евалуација на професионален развој на вработените													Директор Претседатели на стручни активи	Разговори Увиди во сертификати и во наставничко досие	Професионално досие на вработените	Унапредување на компетенциите на наставниот кадар	Психолог		/
Следење на реализација на акциските планови													Училишен одбор Стручни активи	Разгледување на извештаи од реализираните активности	Записници Анализи Извештаи Педагошка евиденција	Квалитетна реализација на приоритетите на училиштето	Координатор и на тимовите за акциските планови		500,00 денари
Евалуација на работата на стручните активи													Наставнички совет	Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи	Записници Анализи Извештаи	Утврдување на подрачја за промени во наредната учебна година			500,00 денари
Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година													Одделенски и наставнички совет	Статистички анализи на среден успех на учениците на погодие и крај на година	Формулари со статистички пресметки Анализи	Подобрување на училишниот успех	Педагог, директор		/
Анализа на резултатите од екстерно тестирање во споредба со минатата учебна година													Училишен одбор Наставнички совет	Анализи на постигнатиот успех на учениците по завршување на екстерното тестирање	Формулари со статистички пресметки	Подобрување на постигањата на учениците на екстерното тестирање	Комисија за екстерно тестирање		/

Следење на реализација на Годишната програма													Тим за евалуација на годишна програма	Анализи на реализација на Годишната програма	Анализи Записници Фотографии документи	Успешна реализација на Годишната програма	директор		500,00 денари
Изготвување полугодишен и годишен извештај													Тим за евалуација на годишна програма	Анализа на работењето на училиштето		Анализа на работењето и	Директор, Стручни соработници наставници		/
Увиди во водење на педагошка евиденција и документација													Директор Педагог Комисии за педагошка евиденција	Прегледување на педагошка евиденција и документација	Записници Извештаи	Запазување на законитоста во работењето Утврдување на подрачја за промени	Педагог, психолог		/

Прилози

Органи на управување и раководење

I. Програма за работа на директорот

Во согласност со Законот за основно образование, и сите други закони и правилници поврзани со работата на основните училишта како и според задачите предвидени со Наставниот план и програма изработена е програмата за работа на директорот во учебната 2014/15 година. Програмата утврдува реализација на задачи од следниве подрачја: планирање и програмирање на воспитно-образовната работа; организација на работата во училиштето; советодавна – консултативна работа со наставниците и стручните служби; аналитичко – истражувачка работа; проверка и анализа на педагошка – евиденција и документација; стручно усовршување на наставниците и стручните соработници и.т.н.

Реализацијата на програмата за работа на директорот се базира на следните подрачја: грижа за финансиско работење, застапување на училиштето, учество во изготвување извештаи, координирање на работата на органите, следење и анализа на наставата, учество и следење на проритетни цели на училиштето, анализа и планирање, работа и соработка со локалната заедница.

Работата на директорот на училиштето ќе се реализира во рамките на шест програмски подрачја, а тие се:

- Планирање и програмирање
- Организирање
- Раководење
- Евалвација и истражување
- Педагошко-инструктивната работа
- Други работи и работни задачи.

-Планирање и програмирање

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Завршување на Годишниот извештај за учебната 2013/2014 година Анализа на постигнувањата од претходната учебна година, Изработка на извештај за екстерно тестирање Изработка на Годишната програма за воспитно-образовната работа на училиштето во 2014/2015 година, поставување на приоритети, цели, активности за оваа учебна година Изготвување на распоред на училиштето и распоред на дежурни наставници	Август	Во соработка со сите структури во училиштето Извештајот за екстерно тестирање во соработка со комисијата за екстерно тестирање и педагогот. Составен дел на програмата се подрачјата на работа на училиштето кои ги изработуваат наставниците и стручните соработници по добиените сознанија од целокупната работа на училиштето, извршената самоевалуација во 2013 година и извршениот инспекциски надзор извршен во април 2013 година, Распоредите за часови и дежурства во соработка со назначените наставници
Изработка на програма за работа на Наставничкиот совет и програмата за работа на одделенскиот совет	Август	Во соработка со педагогот и психологот и записничарот на Наставнички Совет
Изработка на програмата за работа на директорот на училиштето	Август	директор

Планирање на стручно усовршување на наставниот кадар	Септември	Тим од наставници приготвува програма за професионален развој на наставниците со психологот, дефектолог и педагогот
Распределба на часовите, формирање на паралелки за прво одделение, и други задолженија на наставниот кадар	Јули-август	Во соработка со педагогот, психологот, комисија за упис во прво одделение, наставници
План за уредување на училиштето и училишниот двор. План за финансиско работење и план за јавни набавки Листа на приоритети за набавка на нагледни средства, стручна литература и други материјали во учебната година. Листа на приоритети за набавка на потребни хигиенско технички средства и други материјали.	Август септември септември	Во соработка со општината и вработените во училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители Училишен одбор, сметководител, комисија за јавни набавки Наставници, стручна служба, стручни активи Домаќин, хаусмајстор, технички персонал
Координирање на активностите на менаџерскиот и развојниот тим	Јули	Во соработка со наставниците и Тимот за развојно планирање во училиштето

-<u>Организирање</u>

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Организирање на активностите по повод обележување на патронатот на училиштето, и сите други активности од општествено хуманитарен, натпреварувачки, забавен и ревијален карактер	Октомври Цела наставна година	Во соработка со Тимот за културно забавен живот
Организирање на работата на стручните активи	Август септември	Доколку има потреба директорот ќе интервенира во организацијата
Определување на распоред на работата: распоред на часови за наставата, додатна и дополнителна настава и воннаставните активности и другите активности	Септември	Во соработка со наставникот задолжен за изработка на распоредот на часовите и стручните соработници, комисии и тимови во училиштето
Организирање на материјалното, финансиското и административно-техничкото работење на училиштето	Во текот на целата година	Во соработка со администрација и сметководителот на училиштето
Организирање на процес на евалуација и следење на поставените цели од развојното планирање за оваа година	периодично	Во соработка со педагогот и психологот, координаторите за самоевалуација, тимот за развојно планирање

-Раководење

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Донесување кадровски решенија и одлуки	Септември 2014, јуни 2015	По потреба во текот на целата година
Екипирање на тимовите и воспоставување на хиерархија на односите во раководењето	Септември-октомври	
Донесување одлуки во врска со инфраструктирни зафати	Во текот на целата година	
Донесување одлуки за подобрување на внатрешен ред и дисциплина во училиштето	септември и во текот на годината	Тим за училишна клима Тим за дисциплина
Донесување на нови решенија за систем на внатрешно стимулирање, наградување и казнување	Во текот на целата година	Комисија за награди и казни УО, Совет на родители
Донесување одлуки во однос на секојдневно работење и функционирање на училиштето	Во текот на целата година	Со вработените и сите органи во училиштето
Планирање, реализација и раководење со одделенскиот и наставничкиот совет	Во текот на целата година	Педагог,психолог

-Евалвација и истражување

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Преглед и анализа на годишните глобални и тематските планови за работа на наставниците, додатна, дополнителна, мултикултурализам, ИКТ, слободни активности, еко содржини	Септември, Тематските планови ќе се разгледуваат во текот на годината	Во соработка со педагог и психолог, наставниците
Преглед и анализа на годишните планови за работа на стручните соработници	септември	
Преглед и анализа на дневни подготовки на наставниците според планот за евалвација на подготовките	Во текот на наставната година	Во соработка со педагог и психолог
Следење на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности	Во текот на наставната година	Во соработка со педагог и психолог и председателите на стручните активи
Следење на работата на администртивно-техничкиот персонал	Секојдневно	Во соработка со вработените
Следење на редовноста и дежурствата на вработените	Секојдневно	

Следење на работата на стручните активи. Развивање на педагошка флексибилност меѓу стручните активи за примена на активни методи на работа во наставата.	Во текот на наставната година	
Следење на реализација на годишната програма (сите подрачја и програмски содржини)	Секојдневно	
Следење на примена на различни модели и техники на учење во наставата	Во текот на наставната година	Тим за професионален развој на наставниците
Следење на примена на компјутерска и друга современа технологија во наставата	Во текот на наставната година	Во соработка со педагогот и психологот
Следење на оценувањето	Според програмите за работа на стручните активи	Методи, техники, тестови и други видови оценување Тим за оценување
Следење на педагошката евиденција и документација според програмите за работа на стручните активи	Еднаш месечно	Во соработка со педагогот и психологот
Следење на стручно усовршување на наставниот кадар	Во текот на учебната година	Тим за професионален развој на наставниците
Следење на работа на одделенските раководители	Во текот на наставната година	Ќе се следи реализација на плановите на работа Стручни соработници
Анализи на успехот и поведение, реализација на наставните планови	На крај од секој класификационен период	Преку извештаи и анализи и Годишен извештај за работа
Следење на работа на Комисиите и тимовите	Во текот на учебната година	

-Педагошко-инструктивната работа

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Индивидуална педагошко-инструктивна работа со наставниците и наставниците почетници	Во текот на целата наставна година	Конкретна стручна помош за надминување на секојдневни проблеми и слабости
Соработка со учениците и нивните организации	Преку целата година	
Соработка со локалната самоуправа, родители, МОН, БРО, ДИЦ, невладини организации, медиуми	Преку целата година	

Стручно предавање за членовите на Наставничкиот совет на тема: Ученици со посебни потреби	Февруари	Психолог, дефектолог
Аналитичко - студиска работа	Јануари	Педагог, психолог, дефектолог
Стручно предавање : Форми и техники во наставата	Декември	БРО, педагог, наставници
Запознавање на вработените со законски акти, правилници, кодексот, систематизацијата и други правни акти	Преку целата година	Во соработка со секретарот на училиштето
Увид во годишните и тематските планирања за работата на наставниците	Преку целата година	Педагог, психолог, дефектолог
Преглед на матичните книги и одделенските дневници	Преку целата година	Педагог и психолог и комисија за проверка на дневници и главни книги
Посета и евиденција за посетените часови	Преку целата година	Педагог,психолог, дефектолог, стручни активи

-***<u>Други работи и работни задачи</u>***

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Учество во работата на Училишниот одбор	Континуирано	
Соработка со Советот на родителите	Во текот на целата година	
Соработка со локалната среднина	Во текот на целата година	Соработка со медиумите, месната заедница и други институции и сл.
Соработка со други училишта	Според интересот на двете страни	Збратимување и сл.
Грижа за законското работење на училиштето при јавни набавки, организирање на екскурзии и сл.	Континуирано	
Проектни активности за претставување и афирмирање на училиштето	Континуирано	Изготвување на проекти
Работа со ученици	Индивидуално и на одделенски часови	Во соработка со наставниците

Директорот ќе обавува и други работи кои се во неговиот домен во склад со нормално одвивање на воспитно образовниот процес и сите потребите на учениците и целокупниот живот во училиштето.

Директор

Христина Антоноска Борисовска

II. Програма за работа на Училишниот одбор

Активности	Учесници	Индикатори	Време на реализација
1. Подготвеност на училиштето за почетокот на учебната 2014/ 2015 година 2. Реализација на редовна настава - снабденоста на учениците со учебници 3. Информација за усвојување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2014/ 2015 год. и доставување до основачот - Општина Карпош 4. Презентација на новата визија , мисија и програмата за екскурзии на училиштето	Членови на училишен одбор	Записници	01.09.14
1. Повратна информација за усвојување на Годишната програма на училиштето за учебната 2014/ 2015 година од основачот -Општина Карпош 2. Извештај од работата и постигнувањата на „Еко одборот“,тимот за МИО проектот 3. Разгледување на тековни прашања	Членови на училишен одбор	Записници Извештаи	01.10.14
1. Анализа на успехот,изостаноците, поведението и дисциплината во првото тромесечие од учебната 2014/ 2015 година. 2. Давање мислење по објавен оглас за прием на наставен и ненаставен кадар за учебната 2014/ 2015 год. 3. Информација за реализација на тековни проекти 4. Информација за сертифицирање на наставниот кадар по определени програмски подрачја и проекти 5. Извештај од работата на Детската организација	Членови на училишен одбор	Записници Извештаи	01.11.14
1. Активно учество на Училишниот одбор во реализацијата на планираните активности 2. Разгледување на предлози од Наставнички совет, Совет на родители, ученици, наставници или друго инволвирано лице 3. Информации и помош во реализација на проектите во училиштето 4. Давање подршка на учениците, максимално користење на училишните ресурси, климата во училиштето, раководењето и управувањето	Членови на училишен одбор	Записници Извештаи	Во текот на годината
1. Разгледување на предлог извештај за работата на училиштето во првото полугодие од учебната 2014/ 2015 година.	Членови на училишен одбор	Записници Извештаи	01.02.15

2. Разгледување и усвојување на извештаите од пописот и завршна сметка за 2014 год. 3. Информација за реализација на планираните активности			
1. Анализа на успехот, изостаноците, поведението и дисциплината на учениците во третото тромесечие од учебната 2014/ 2015 година 2. Извештај од работата и постигнувањата на „Еко одборот“,тимот за МИО проектот 3. Разгледувања на тековни прашања	Членови на училишен одбор	Записници Извештаи	01.04.15
1. Анализа на успехот, изостаноците, поведението и дисциплината на учениците на крајот од учебната 2014/ 2015 година 2. Усвојување на предлог Извештајот за работа на училиштето во учебната 2014/ 2015 година 3. Евалуација на работата на Училишниот одбор во тековната година	Членови на училишен одбор	Записници Извештаи	01.07.15

III. Годишна програма за работа на училишниот педагог

Годишната програма за работа на училишниот педагог е изготвена врз основа на:

- Законот за основно образование измените и дополнувањата на законот за основно образование;
- Концепциският документ "Основно образование - содржини и организација на воспитно образовната дејност";
- Основите за проограмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и работата на стручните работници од 1998 година;
- Статутот на училиштето;
- Основите за планирање на содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност на основното училиште 2006 год;
- Наставните програми;
- Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2013/14 година;
- Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2013/14 година;
- Условите, состојбата и потребите на училиштето;
  Календарот за работа во учебната 2014/2015 година;

-Програмско подрачје - Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Учество во изработката на концепцијата на Годишната програма за работа на училиштето и изработка на нејзини поедини делови – формирање на комисии	Директор Наставници Стручна служба	Август
2.	Учество и кординација во изработката на наставните планови и програми по одделенија и за поедини предмети	Директор Наставници Стручна служба	Август Септември

3.	Учество во изработката на наставните планови за додатна, дополнителна настава, одделенска заедница, секции, екскурзиии настава во природа	Директор Наставници Стручна служба	Август Септември
4.	Учество во изработката на плановите и програмите за работа на стручните органи на училиштето	Директор Наставници Стручна служба	Континуирано
5.	Изработка на Годишна програма и месечни планирања за работа на педагогот	Стручна служба	Септември Секој месец

-Програмско подрачје - Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Следење и набљудување на децата во група за упис во I одд.	Наставници Стручна служба	Мај
2.	Правење на анализа на карактеристиките на идните првачиња и учество во формирање на паралелките	Стручна служба	Август
3.	Запознавање на наставниците од прво одделение со карактеристиките на идните првачиња	Стручна служба Наставници	Август
4.	Распределување на доселени ученици од други училишта	Стручна служба	Континуирано
5.	Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава	Директор наставници Стручна служба	Август Јуни
6.	Следење и водење на педагошка евиденција и документација во училиштето	Наставници	Континуирано
7.	Следење на прилагодувањето на учениците во I одд. преку - посета на часови - разговор со ученици - разговор со родители	Наставник Стручна служба Директор	Континуирано
8.	Систематско следење и анализирање на наставниот процес како и работата на сите ученици	Наставник Стручна служба	Континуирано
9.	Откривање на ученици кои имаат потешкотии во учењето преку - посета на часови - разговор со наставници - разговор со родители - увид во одделенска книга	Наставник Стручна служба	Континуирано
10.	Следење на успехот и редовноста на учениците	Наставник Стручна служба	Континуирано

11.	Следење на интерперсоналните односи (Училишна клима) во училиштето меѓу ученик-ученик, ученик-наставник и наставник-наставник, на индивидуално и групно ниво	Наставници ученици	Континуирано
12.	Следење на постапките на оценување на учениците	Наставници Стрична служба Директор	Континуирано
13.	Систематско вреднување на својата работа	Педагог	Континуирано

-Програмско подрачје - Советодавно-консултативна работа со учениците, наставниците и родителите

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Идентификување и работа на отстранување на педагошките причини на проблемите во учењето и однесувањето	Стручна служба Наставници Ученици	Континуирано
2.	Учество во организирање на активности и содржини каде учениците на креативен начин го организираат своето слободно време	Стручна служба Ученици	Континуирано
3.	Советодавна работа со ученици кои потешко напредуваат или покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех	Директор Стручна служба Ученици Ученици	Континуирано
4.	Советодавна работа со наставници и ученици при избор на слободни активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др.	Директор Стручна служба Наставници Ученици	Септември-Мај
5.	Советодавна работа со наставниците приправници	Стручна служба Наставници	Континуирано
6.	Консултативни-советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик и ученик-наставник	Директор Стручна служба Наставници	Континуирано
7.	Давање на потребна помош на одделенските наставници во квалитетно обавување на нивната улога	наставници Стручна служба	Континуирано
8.	Давање помош на наставниците во реализација на одредени часови како пример за добра пракса	Наставници Стручна служба	Периодично
9.	Учество во работата на стручните тимови и активи, и превземање мерки за унапредување на нивната работа	Наставници Стручна служба	Континуирано
10.	Советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината	Наставници Стручна служба	Континуирано
11.	Давање, подршка и помош во работата на Советот на родители и Училишниот одбор	Наставници Стручна служба	Континуирано

-Програмско подрачје - Аналитичко - истражувачка работа

Бр.	**Содржини на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Анализа на општите услови за реализација на воспитно-образовната работа во училиштето	Директор Ст.служба Наставници	Август-Септември
2.	Изработка на анализа за успехот и дисциплината на учениците на класификациони периоди - тромесечја, полугодие и крај на година според пол, националност	Директор Ст.служба Наставници	Ноември Декември Април Јуни
3.	Анализа на часовите на редовната настава и другите облици на воспитно-образовната работа на кои присуствувал педагог и согледување на нивната дидактичко-методска заснованост	Директор Ст.служба Наставници	Октомври Март
4.	Анализа и унапредување на работата на воннаставните активности	Ст.служба Наставници Ученици	Декември Мај
5.	Испитување на нивото и квалитетот на ученичките знаења - испитување на брзината и точноста на читање на: а) нелогичен текст б) логичен текст	Ст.служба	Декември

-Програмско подрачје - Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување

Бр.	**Содржини на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Учество во работата на стручни друштва органи и организации (Современ педагог , БРО, други училишта и др)	Педагог Наставници	Еднаш месечно и по потреба
2.	Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и други установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно- образовната работа	Ст.служба	Континуирано
3.	Предлагање на набавка на стручна литература и списанија, правење на прегледи за актуелни теми и содржини	Ст.служба	Континуирано
4.	Учество во размена на искуства со други педагози и психолози	Ст.служба	Континуирано
5.	Работа на сопствено и стручно усовршување	Ст.служба	Континуирано
6.	Учесво во воспоствување на соработка со локалната заедница и реализација на заеднички активности	Директор наставници Стручна служба Ученици	Континуирано

-Програмско подрачје - Педагошка евиденција и документација

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Годишен глобален план и програм за сопствената работа	Ст.служба	Континуирано
2.	Месечен оперативен плана за работа	Ст.служба	Секој месец
3.	Хронолошки дневник за работа	Ст.служба	Континуирано
4.	Дневник за работа со ученици	Ст.служба	Континуирано
5.	Дневник за работа со наставници	Ст.служба	Континуирано
6.	Дневник за работа со родители	Ст.служба	Континуирано
7.	Дневник за следење на наставата и воннаставните активности	Ст.служба	Континуирано

-Програмско подрачје - Подготовка за сите облици на работа со ученици, наставници и родители

Бр.	Содржини на работа	Соработници	Време на реализација
1.	Планирање на посета на часови	Ст.служба	Континуирано
2.	Планирање и подготовка на анализи,прикази и соопштенија	Ст.служба	Континуирано
3.	Следење на стручна литература	Ст.служба	Континуирано
4.	Подготовка и договарање со останатите стручни соработници , тимови и стручни институции за заедничките задачи и активности во училиштето и надвор од него	Ст.служба	Континуирано

Училишен педагог

Елена Арсовска Душков

IV. Програма за работа на психологот

Примарна цел во работата на училишниот психолог е грижа за психичкото здравје на учениците што се остварува преку следењето и поттикнувањето на интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците.

Програмата за работа на училишниот психолог содржински се вклопува и е составен дел на програмата за работа на училиштето.

Програмски подрачја на работа

1.Планирање,програмирање и организирање на воспитно-образовната работа

2. Следење и унапредување на воспитно-образовната работа

3. Изготвување на стручни материјали

4. Стручно усовршување

5. Советодавно-консултативна работа

6. Водење педагошка евиденција и документација

-Програмско подрачје - Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа

	Содржина на работата	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето	директор педагог наставници	август
2.	Изготвување на Годишна програма за сопствена работа	директор педагог наставници	август
3.	Формирање на паралелките	директор педагог наставници	август
4.	Учество во изработка на Програма за работа со надарени ученици	директор педагог наставници	август
5.	Учество во изработка на Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето	директор педагог наставници	август
6.	Учество во изработка на Програма за работа на ученичката заедница	директор педагог наставници	Август
7.	Изработка на програма за Професионална ориентација на учениците од IX одд.	директор педагог наставници	Август
8.	Изработка на Програма за спречување на насилството во училиштето	директор	Август

		педагог наставници	
9.	Учество во глобалното планирање за реализирање на проектот Меѓуетничка интеграција	директор педагог наставници	Август

-Програмско подрачје - Следење на воспитно-образовната работа во училиштето

А.Утврдување на потенцијалните можности и карактеристики на личноста на ученикот

	Содржина на работата	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Следење на прилагодувањето на учениците во прво и шестто одделение како и новозапишанитеученици	наставници педагог	во текот на годината
2.	Следење на реализацијата на наставата и работата со учениците Посета на часови Увид во дневниците за работа Учество во работата на одделенските и наставничките совети	директор педагог наставници	во текот на годината
3.	Индивидуална работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето и прилагодувањето	наставници	во текот на годината
4.	Откривање на ученици со поголеми можности за напредување	наставници педагог	во текот на годината
5.	Работа со ученичката заедница	ученици директор	во текот на годината
6.	Примена на психолошки мерни инструменти Тестови на способности Тестови на личност Социометриска метода Тест на бои Анкети		во текот на годината
7.	Следење на прилагодувањето и однесувањето на учениците со посебни потреби	наставници педагог	во текот на годината
8.	Професионална ориентација на учениците од IX одделение	ученици наставници претставници од Средни училишта	февруари-јуни

Б.Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и според карактеристиките на нивната личност

1.	Откривање и следење на ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, покажале слаб успех или несоодветно однесување	наставници педагог	во текот на годината
2.	Анализирање на интерперсоналните односи помеѓу учениците во паралелките и и работа на подобрување на истите	наставници педагог	во текот на годината
3.	Следење на успехот на учениците на секој класификационен период	наставници педагог	во текот на годината

4.	План за работа со надарени и талентирани ученици	наставници педагог дефектолог	во текот на годината
5.	Анкета за изборните предмети	наставници педагог	јуни
6.	Работа со ученичка заедница	Ученици наставници	во текот на годината
7.	Следење на оценувањето на учениците	наставници педагог	во текот на годината

-Програмско подрачје - Советодавно-консултативна работа

	Содржина на работата	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Советодавна работа со ученици кои потешко напредуваат или покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех	Наставници, педагог	во текот на годината
2.	Советодавно- инструктивна работа со наставници	наставници	во текот на годината
3.	Запознавање на наставниците кои ќе работат со учениците од I одд.со нивните особености и начини на работа	наставници	август
4.	Советодавно-консултативна работа со наставници почетници	Наставници, педагог	во текот на годината
5.	Советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината	Родители, педагог, директор	во текот на годината

-Програмско подрачје - Аналитичко - истражувачка работа

	Содржина на работата	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Учество во изготвувањето на полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето	наставници педагог директор	јануари-јуни
2.	Изготвување на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа		јануари-јуни
3.	Изготвување на статистичкиот извештај		септември
4.	Споредбена анализа- успехот на учениците во VI одд. со успехот во Vодд на крајот од првото полугодие	наставници	јануари февруари

Програмско подрачје - Соработка со стручни институции, локална заедница и стручно усовршување

	Содржина на работата	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Соработка со образовни, здравствени, социјални институции	претставници од содветните институции	во текот на годината
2.	Соработка со локалната заедница	претставници од содветните институции	во текот на годината

3.	Учество во работата на секцијата на психолози во основните училишта “Психовизија”	психолози од основните училишта	во текот на годината
4.	Учество на семинари организирани од БРО и МОН Учество на стручни семинари,работилници и обуки	институции	во текот на годината
5.	Следење на стручна литература		во текот на годината

-Програмско подрачје - Педагошка евиденција и документација

	Содржина на работата	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Дневник за работа на психологот		во текот на годината
2.	Професионално портфолио на наставниците		во текот на годината
3.	Ученичко досие		во текот на годината
4.	Анкети,резултати од тестирања, цртежи од ученици,работни листови		во текот на годината

Психолог , Вера Димовска

V. Програма за работа на Дефектологот

Време на реализација	Содржина на работата
1. Непосредна работа со ученици	
Септември	1.1 Опсервација на деца со ПОП
Септември	1.2 Дефектолошка дијагностика
Октомври	1.3 Проценка на психо-физичкиот развој
Целата година	1.4 Општи и специјални вежби за психомоторна реедукација
	1.5 Употреба на алтернативни методи за комуникација и сензорна интеграција
	1.6 Работа со децата според образовниот план и според ИОП
	1.7 Работа со деца кои манифестираат асоцијално однесување
	1.8 Следење на напредокот на учениците и остварувањето на целите кои се предвидени во индивидуалниот план
2. Изработка и следење на програмите за работа	
Август	2.1 Изработка на сопствена програма за работа
Септември	2.2 Подготовка на одделението за прифаќање на учениците со ПОП
Целата година	2.3 Изработка на дефектолошко досие за секој ученик со ПОП
	2.4 Следење на спроведувањето на ИОП
Септември, Октомври	2.5 Изработка на ИОП
3. Соработка со наставници, стручен тим и вонучилишни институции	
Септември	3.1 Обука на наставниците за работа со деца со АДХД
Октомври	3.2 Обука на наставниците за работа со деца со Аутизам
Декември	3.3 Обука на наставниците за работа со деца со емоционални проблеми
Целата година	3.4 Соработка со стручниот тим во училиштето
	3.5 Редовно следење и известување за релевантни настани, обуки и семинари
	3.6 Инструктивно-советодавна работа со наставници
	3.7 Изработка на ИОП во координација со наставниците
4. Работа со родителите	
Целата година	4.1 Инструктивно-советодавна работа со родителите
	4.2 Запознавање на родителите со ИОП
	4.3 Вклучување на родителите при изработка на ИОП
	4.4 Вклучување на родителите во наставните активности и известување за целите, напредокот и постигнувањата

5. Истражувачки активнсти и учество во проекти	
Целата година	5.1 Учество во оперативни проекти на училиштето
	5.2 Учество на семинари, симпозиуми и конференции со цел стручно усовршување стручно усовршување
	5.3 Учество во изготвување на програмата за работа на училиштето, како и во изготвување на други програми

Дефектотлог: Илија Пецевски

VI. Програма за работа на библиотекарот за учебната 2014/15година

Основната цел на училишната библиотека е да негува и развива љубов и интерес кон книгата уште од најраната возраст, кај најмладата популација. Таа љубов посебно треба да се негува кај нашите ученици, кои во своите училишта ги прават првите чекори во прекрасниот и бесконечен свет на учењето и знаењето. Во тој контекс, училишните библиотеки претставуваат „центар на гравитација " во царството на знаењето во училиштата , во кои учениците ќе ги направат првите контакти и каде ќе остварат непосредна комуникација со книгите, ќе го совладаат начинот на нивното користење и ќе им служат за збогатување на нивните знаења. Преку различни форми на работа, библиотекарот во тесна соработка со библиотекарската секција и воспитно-образовниот кадар, успешно и целосно ја остарува нивната благородна мисија.

Библиотекарот со своето образование и знаење, професионални компетенции, организациско и стручно искуство, работни навики, интеркадровски односи и мотивација, претставува главен двигател во развојот на училишната библиотека. Личните компетенции на библиотекарот претставуваат определен квантум на знаење и способности, ставови и вредности кои му овозможуваат успешно работење и извршување на професионалните обврски.

Реден број	Содржина на активностите	Носители на активноста	Време на реализација
1.	Годишно планирање за работа на библиотекарот	Библиотекар	Август
2.	Прием и заведување на нови, прибирање и средување учебници за учениците за учебната 2014/15 година	Библиотекар	Август - Септември
3.	Доделување учебници на одделенските раководители и учениците (I-IX) одд.	Библиотекар, комисија за доделување учебници	Септември
4.	Промовирање на училишната библиотека	Библиотекар, ученици	Септември
5.	Формирање клуб на млади библиотекари (библиотекарска секција)	Библиотекар, ученици	Септември
6.	Обновување на членството и прием на нови членови во библиотеката	Библиотекар	Септември
7.	Пласман на детскиот печат „Росица“ , „Другарче“ и „Наш свет“	Библиотекар	Во континуитет (семтември – јуни)
8.	Изнајмување книги на учениците	Библиотекар	Во континуитет

			(семтември – јуни)
9.	Оспособување на оштетени книги за користење	Библиотекар	Во континуитет (семтември – јуни)
10.	Поттикнување и мотивирање на учениците за читање романи, раскази, приказни и др. литер. видови	Библиотекар	Во континуитет (семтември – јуни)
11.	Помош и насочување на учениците при избор на книги за читање	Библиотекар	Во континуитет (семтември – јуни)
12.	Навикнување на учениците за внимателно ракување, чување и заштита на книгите	Библиотекар	Во континуитет (семтември – јуни)
13.	Совладување на методи, техники и средства за стекнување знаења во библиотеката како трајни вредности кои учениците треба да ги понесат од училишните клупи	Библиотекар	Во континуитет (семтември – јуни)
14.	Евиденција (печатирање, инвентирање и сигнирање) на подарени книги	Библиотекар	Во континуитет (семтември – јуни)
15.	Помош во организирање наставни часови во библиотеката во рамките на редовната, додатната настава и слободните ученички активности	Библиотекар, наставници, стручни соработници	Во континуитет (семтември – јуни)
16.	Соработка со педагошко-психолошка служба за набавка на стручна и педагошка литература	Библиотекар, директор, стручни соработници	Во континуитет (семтември – јуни)
17.	Договор со наставниците за набавка на нова литература за ученици и наставници, со цел збогатување на книжниот фонд во библиотеката	Библиотекар, наставници, директор	Во континуитет (семтември – јуни)
18.	Одбележување на Детската недела со активности кои ќе произлезат од учениците и наставниците	Библиотекар, ученици, наставници	Октомври
19.	Учество на „ Ученичка квизотека 2014/15 “ во ДКЦ	Библиотекар, ученици	Октомври
20.	Учество на општинскиот натпревар „Млади библиотекари “	Библиотекар, Клуб на млади библиотекари	Октомври
21.	Ослободување од непотребните и неупотребливи учебници и расходување на непотребна литер. (еко-стандард 3, точки за акција бр.1)	Библиотекар, комисија за расход на учебници, наставници- членови на Еко - одборот	Октомври
22.	Одбележување на месецот на книгата (посета на книжарници, Градски библиотеки и други училишни библиотеки)	Библиотекар, ученици, наставници, директор	Октомври

23.	Организирање на литературно читање	Библиотекар, учениците од Клуб на млади библиотекари и наставници	Ноември
24.	Подготовки за дочек на Новата 2015 год. (изведба на предновогодишна претстава, организирање на предновогодишен базар и слично)	Библиотекар, ученици и наставници	Ноември- Декември
25.	Посета и соработка со библиотеки од отворен тип, заради црпење на искуство, односно унапредување на работата (НУБ „СВ.Климент Охридски“, „Браќа Миладиновци“ , „Другарче“	Библиотекар, ученици и наставници	Декември
26.	Изработка на полугодишен извештај за работата на библиотекарот	Библиотекар	Јануари
27.	Упис на нови членови во библиотеката (учениците од II одд.)	Библиотекар	Јанури – Февруари
28.	Одбележување на Патрониот празник по однапред предвидена програма (специјални гости , познати детски писатели, пеачи, ученици и наставници од други училишта)	Библиотекар, ученици и наставници	Декември - февруари
29.	Гостување на познати жени- писателки на литература за деца и млади во училишната библиотека по повод Денот на жената, 8ми Март	Библиотекар, Клуб на млади библиотекари,	Март
30.	Објавување награден литературен конкурс по повод денот на пролетта и екологијата	Библиотекар, ученици и наставници	Март
31.	Соработка со новинарски (издавачки) куќи, МРТВ (учество во контактно – училишна емисија „ Ѕвон“)	Библиотекар, ученици и наставници	Март
32.	Организација и учество на маскенбал „Априлијада 2015“(избирање и прогласување најуспешни маски, гостување на ученици и наставници од институции од локалната заедница, градинки и училишта)	Библиотекар во соработка со институции од локалната заедница, ученици, наставници, родители и директор	Април
33.	Посета на саем на книгата	Библиотекар, ученици и наставници	Април
34.	Одбележување на месецот на книгата преку информирање, евиденција (печатирање, инвентирање и сигнирање) и промоција на новокупените книги	Библиотекар	Април
35.	Одбележување на големиот христијански празник „Велигден“ (организирање на Велигденска работилница, Велигденски хепенинг и сл.)	Библиотекар, ученици , наставници и родители	Април

36.	Одбележување на Ден на трудот (читање реферат)	Библиоткар, ученици и наставници	Мај
37.	Посета на значајни културно-историски споменици согласно со годишниот план и програма за одбележување на државните празници, кои се реализираат како активности од областа на јавната и културната дејност (во чест на годишнината од смртта на Гоце Делчев)	Библиотекар, ученици и наставници	Мај
38.	Изложба на книги кои се најмногу читани во текот на учебната година по повод 24-ти Мај- Ден на словенските просветители Кирил и Методиј	Библиотекар, Клуб на млади библиотекари	Мај
39.	Подготовка на сценарио за завршен концерт (Доделување пофалници на учениците кои постигнале забележителни резултати во наставните и вон наставните активности, прогласување на читатели-рекордери на годината во училишната библиотека)	Библиотекар, наставникот по музичко образование, ученици-клуб на млади библиотекари, ученици-учесници и директор	Мај
40.	Нарачка на учебници за наредната 2015/16 учебна година	Библиотекар	Јуни
41.	Враќање (раздолжување) на учебниците од страна на учениците и одделенските раководители	Библиотекар, ученици, наставници, родители и директор	Јуни
42.	Евиденција(пополнување записници за вратени/ невратени учебници и надомест за истите)	Библиотекар	Јуни
43.	Попис за изгубени и невратени книги во библиотеката и надомест за истите	Библиотекар	Јуни
44.	Договор со наставниците и набавка на книги за наградени ученици	Библиотекар, наставници	Јуни
45.	Анализа за работата на библиотекарот и клубот на млади библиотекари	Библиотекар	Јуни
46.	Средување на книгите и естетскиот изглед на библиотеката	Библиотекар	Август – септември
47.	Анализа за работата на библиотекарот(изработка на годишен извештај)	Библиотекар	Август

Билјана Огнаноска, училишен библиотекар

VII. Програма за работа на Наставнички совет

Содржина	Време на реализација	Носители и други забелешки
1. Подготовка за почетокот на новата учебна година 2014 / 2015 година	Август	Наставнички совет, Директор, Стручни соработници.
2. Запознавање со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2014 / 2015 година	Август	Директор, Педагог
3.Распределба на наставни предмети, часови и определување на одделенски раководства,	Јули, Август	Директор, педагог, психолог
4.Утврдување на бројната состојба на ученици по паралелки 5..Прилагодување на наставата според индивидуалните разлики на учениците	Септември	Наставнички совет, Стручни активи
6. Запознавање со куќниот ред на училиштето	Септември	педагог, психолог,директор
7. Формирање комисија за организација и подготовки за одбележување на јубилејот на училиштето	Октомври	Директор, Наставнички совет
8. Анализа на постигнатиот успех и поведение во првото тримесечие	Ноември	Анализа за работата на училиштето ќе ја презентира директорот и педагогот
9.Анализа на постигнатиот успех и поведение во првото полугодие 10. Договор за одбележување на патрониот празник на училиштето	Јануари	Анализа за работата училиштето ќе ја презентира директорот и педагогот
11. Работилница на тема: (Според планирањата на стручните соработници, активите, директорот)	Февруари	Стручното предавање ќе го реализираат, педагогот, дефектологот, наставници, директор
12. Анализа на реализација на наставниот план и програма во третиот класификационен период	Април	Анализата во однос на првата и втората точка ќе ја реализираат стручните соработници
13. Анализа на постигнатиот успех и поведение во третиот класификационен период	Април	
14. Формирање комисии за екстерно тестирање, како и за други тековни активности	Април Цела учебна година	Директор, стручни соработници

15. Подготовки за екстерно и интерно тестирање	Април	Директор, стручни соработници, наставници
16. .Воспоставување на критериуми	Мај	Претседателите на стручните активи
17. .Извештај за реализација на Годишната програма за работа за 2014 / 2015 година	Јуни август	Директор, педагог, стручни активи
18. Извештај за спроведеното екстерно и интерно тестирање 19. Задолженија за изработка на Годишната програма	Јули Август, 2015	Директор, стручни соработници, наставници

VIII. Програма за работа на Советот на родители во текот на учебната 2014/2015

Реден број	Планирани активности	Време на реализација	Реализатори и други забелешки
1.	Извештај од Директорот за активностите на училиштето реализирани во текот на летниот период; Разгледување на условите за престој и работа во училиштето;	август	директор, родители, наставници, стручна служба
2.	Конституирање на советот на родители со новите членови (родители на ученици од прво одделение); Запознавање со Годишната програма за работа на училиштето и Програмата за екскурзии и слободни ученички активности во учебната 2014/2015 година;	септември	директор, родители, наставници, стручна служба
3.	Увид во проектите што се реализираат во училиштето;	октомври	директор, родители, наставници, стручна служба
4.	Безбедноста на учениците; Функционирање на советот на родители на ниво на паралелка; Формирање на комисии со претставници од родителите со различна намена	во текот на годината	директор, родители, наставници, стручна служба
5.	Соработка со родителите за организирање на Новогодишни работилници; Активности за време на зимскиот распуст;	декември	директор, родители, наставници, стручна служба
6.	Разгледување на полугодишниот и годишниот извештај за успехот и редовноста на учениците Предлози и сугестии за подобрување на успехот и дисциплината на учениците; Вклучување на родителите во подготовките на училиштето за одбележување на Патрониот празник;	јануари јуни декември, јануари	Директор, родители, наставници, стручна служба

8.	Учевство на родителите во избор на најдобар понудувач за изведување на екскурзиите планирани со годишната програма;	септември	директор родители наставници стручна служба
9.	Активности за одбележување на Велигден (Организирање на Велигденски хепенинг)	април-мај	Директор, родители, наставници, стручна служба
10.	Пружање на помош и поддршка на учениците од 8 одделение за правилен избор на средното училиште (професионална определба, упис во средно образование, резултати од упис); Ангажирање на родителите во давање помош со свои услуги, стручни материјали;	Март, Април, мај	Директор, родители, наставници, стручна служба
11	Иницијатива и поддршка при апликација за учество во проекти	Во текот на годината	Директор, родители, наставници, стручна служба

IX. Програма за работа на Одделенски совет

Реден број	Планирана активност, Содржина	Време на реализација	Реализатори и други забелешки
1.	Реализација на наставен план и програма Запознавање и упатување во новите законски промени и давање упатства за користење на истите	Ноември, јануари, април, јуни	Директор, Педагог, психолог
2.	Организирање на паралелките со посебен осврт на распределбата на учениците во прво одделение	Август	Директор, Педагог, психолог Одделенски наставници
3.	Планирање на воннаставни активности и изработка на Годишна програма на училиштето - Програма на стручни активи, -Распоред за додатна и дополнителна настава -Програма за екскурзии.	Август	Директор, Педагог, психолог Одделенски наставници
4.	Организација на целокупниот воспитно-образовен процес	периодично	Директор, стручни активи педагог,психолог

5.	Утврдување на успехот и поведението на учениците на првото тромесечие Информација за напредок и социјализација на учениците од прво одделение Информација за прилгодување на учениците од шесто одделение	Ноември	Директор,педагог, психолог Одделенски наставници
6.	Утврдување на постигнатиот успех и поведение во првото полугодие Истакнување на најдобри поединци и паралелки во прво полугодие	Јануари	Директор,педагог,психолог Наставниците од сите одделенија
7.	Утврдување на постигнатиот успех и поведение на третото тромесечие Предлог активности за професионално ориентирање на учениците од осмо одделение Предлог активности за запишување на учениците од прво одделение	април	Директор,педагог,психолог Одделенски наставници
8.	Утврдување на годишните оценки на крајот на учебната година Предлагање и избор на првенец на генерација Извештај од комисијата за упис на првачиња, број на запишани ученици, број на паралелки	јуни	Директор,педагог,психолог Одделенски наставници
9.	Подготовки за крајот на учебната година и резиме на достигнувањата во истата	јуни	Директор,педагог,психолог Одделенски наставници
10.	Извештај од наградување на најдобрите ученици и наставници и извештај за избор на првенец на генерација за 2014/20145година	мај јуни	Директор,педагог,психолог Одделенски наставници

X. Програма за работа на стручниот актив одделенска настава

1.Членови на одделенскиот актив

Реден број	Име и презиме	одделение
1	Лидија Исајловска	прво
2	Мирјана Алексова	прво
3	Оливера Павловска	прво
4	Татјана Велкова	прво
5	Благица Топалова	второ
6	Ленче Постолова	второ
7	Анета Георгиева	второ
8	Светлана Зашева	второ
9	Елеонора Георгиева	трето
10	Владанка Урошева Димитрова	трето
11	Снежана Симовска	трето
12	Катица Богоевска	трето
13	Валентина Ковачевска	четврто
14	Елена Чакаловска Терзиќ	четврто
15	Катерина Дочинска	четврто
16	Маја Јанковска Цакиќ	четврто
17	Силвана Арсовска	петто
18	Анета Аначкова	петто

Работата на одделенскиот стручен актив на наставници од учебната 2014/2015 година, ќе биде насочена кон:

- Унапредување на воспитно-образовната работа со учениците;
- Усогласување на критериумите за планирање и реализација на наставните содржини на часовите;
- Следење на реализацијата на наставните планови и програми;
- Заедничка подготовка на годишните и тематските распределенија;
- Усогласување на начинот и содржините на изработка на дневните подготовки за часови;
- Соработка во составувањето на контролните задачи и тестови;
- Реализација на стручни презентации;
- Усогласување на критериумите за оценување на постигањата на учениците;
- Соработка со родителите и Советот на родители во училиштето;

- Преку органите на училиштето, соработка со локалната средина, други училишта и детски градинки, владини и невладини организации и други институции поврзани со воспитно-образовни активности;
- Грижа за здравјето на учениците;
- Унапредување на воннаставните активности и слободните ученички активности;
- Развивање на љубов и позитивен однос кај учениците за производствената и другата општествено-корисна работа на учениците;
- Водење уредна педагошка евиденција и документација;
- Соработка со другите активи во училиштето, стручната и раководната служба на училиштето;

ЦЕЛИ	**ИНОВАЦИИ**	**АКТИВНОСТИ**
* Подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи техники и методи, форми и нагледни средства во наставниот процес; *Да им овозможиме на учениците индивидуален развој во зависност од нивните способности, да усвојуваат знаења и умеења за природата, општеството и човекот и да се оспособат за нивна примена во понатамошното школување. *Да ја развиваме свеста за правата и одговорностите, да го негуваме меѓусебното разбирање, почитување и помагање; *Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните активности и креативноста; *Афирмирање на на ученичката личност; *Создавање навики за правилно користење на слободното време на учениците;	*Иновирање на наставата - користење компјутери во наставата и реализирање на содржините преку TOOLKID и EDUBUNTU (интел лаптоп) * Користење на современи техники во наставата (поучувањето, учењето и оценувањето/вреднувањето); * Проектни активности – Еко проект *Примена на новиот план и програма по Кембриџ	*Примена на разновидни наставни методи и форми во наставата *Изработка на нагледни средства *Информирање на наставниците, родителите, учениците за проектните активности Активности за правилно користење на слободното време
* Зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопствено напредување	*Користење на техники, стратегии од Математика со Размислување и реализирање на часови со примена на истите *Реализирање на програмата на МИО ,помагање и координирање на активностите.	Стручни теми на кои ќе се работи во текот на учебната година: 1. Планирање на индивидуалните потреби на учениците 2. Подобрување на оценувањето 3. Народна традиција- наше богатство 4. Чиста средина - здрав живот 5. Правата на детето 6. Здраво училиште (здравје, безбедност, хигиена, исхрана, спорт) 7. Недоразбирање и конфликти-разрешување
*Осовременување на воспитно -образовниот процес со користење на	* Користење на нови техники и стратегии, со	*Усогласување на критериумите за планирање и

разни современи: методи, техники и инструменти во реализирањето на содржините од Наставните планови и програми	примена на нови формулари за дневна подготовка	реализација на наставните содржини на часовите *Соработка при изработката на годишните и тематските распределенија *Усогласување на начинот и содржините на изработка на дневните подготовки за часови *Соработка во составувањето на контролните задачи и тестови *Реализација на стручни презентации *Усогласување на критериумите за оценување на постигањата на учениците
* Меѓусебно помагање во изработувањето на годишните програми преку пренесување на искуства од примена на стратегии и техники во претходното одделение	* Активности „Покажи и кажи“ за споделување на искуства со други стручни активи	*Соработка со стручната служба (педагог, социолог, дефектолог, социјален работник) , наставници, родители, ученици *Разговор за содржината на портфолиото и формуларот за дневна подготовка
* Подобрување на успехот и дисциплината		*Следење на процесот на реализација на наставата
*Меѓусебно помагање и координирање на активностите на наставниците		*Разрешување на потешкотиите во воспитно – образовниот процес
*Споделување на искуства и дидактички стратегии во функција на образовниот процес		*Следење и реализација на воннаставните активности
*Користење на ИКТ во наставата		*Следење на часови
* Примена на стратегии,техники и методи од МР *Да се запознаат наставниците со критериумите за сертификација за примена на „Математика со размислување“ и да се подготват за исполнување на истите		*Посета на часови *Средување на портфолија *Предавање- истражување за некои техники *Пријавување на одделенските наставници за сертификација

КОНКРЕТНИ АКТИВНОСТИ КОИ ПЛАНИРАМЕ ДА ГИ РЕАЛИЗИРАМЕ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2014/2015 ГОДИНА:

* Посета на објекти во околината и општина Карпош : Полициска станица, амбуланта, пошта, железничка и автобуска станица, трговски центар, пазар; реализација (*септември и мај*)
* Стручни теми за родителски средби, актуелни и поврзани за работата и напредокот на учениците (*во соработка со стручната служба, прво и трето тримесечие*) ;
* Соработка со родителите на одредени часови, по одредени наставни содржини, блиски до нивните професионални ангажирања (*проценка на секој наставник индивидуално*) ;
* Учество на конкурси и изложба на ликовни и литературни конкурси по повод одбележувањето на:
  - Патрониот празник на Училиштето;
  - Новогодишни празници;
  - Еко ден;
  - Денот на жената-8-ми март;
  - Ден на пролетта;
  - Денот на шегата;
  - Велигден;
  - Македонските просветители „Св. Кирил и Методиј“;
* Информирање и договор со родителите за организирани екскурзии, теренска настава, зимување и летување.
* Учество во реализацијата на еко акции во Училиштето (*есенска и пролетна*);
* Учество во игри на музика, драматизирање и литературни читања со учениците;
* Посета на театарска претстава (*за Нова Година и во април/мај)* ;
* Изработка на маски и учество на маскенбал по повод денот на Шегата (*март/април*);
* Учество во одбележувањето на Патрониот празник на Училиштето и други манифестации организирани во училиштето;
* Планирање посети и набљудувања (локална заедница, музеј, изложби, музички фестивал за деца, театарска претстава и сл.) Во соработка и помош од родителите и Училиштето;
* Афирмирање на учениците со своите изработки преку медиумите (детски списанија, ТВ куќи и др.)
* Во зависност од потребите на секоја паралелка посебно, ќе се реализираат и дополнителни часови со ученици, по предметите што ќе има потреба од тоа;
* Оценувањето на учениците ќе се врши бројчано и описно. Родителите ќе бидат информирани за оценките на крајот од : првото и третото тримесечие, на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

❖ Годишните и тематските планирање, посебно за секој наставен предмет се во состав на оваа Програма за работа на активот.
❖ Активот најмалку еднаш месечно ќе се состанува, а по потреба и повеќе.
❖ Во текот на годината Програмата може да се дополнува и со други активности кои ќе бидат од интерес на учениците и Училиштето, за што и навремено ќе биде информирана стручната и раководната служба на Училиштето.

Забелешка : Доколку има потреба оваа програма може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на учениците и на активот.

Претседател на стручен актив

Дочинска Катерина

XI. Програма за работа на стручен актив на општествена група предмети

Стручниот актив на општествена група предмети во учебната 2014/2015 година ќе работи според однапред подготвен план и програма за работа. Своите активности ќе ги извршува и насочи во неколку сфери и тоа:

- Континуирано интегрирање на стандардите на еко школото
- Интензивирање на примена на ИКТ во наставата во согласност со последните образовни реформи
- Иновирање и подобрување на наставата преку примена на разни техники за активно и кооперативно учење
- Интензивна работа на литературната, драмската и ликовната секција, како и на другите секции кои функционираат во рамките на стручниот актив
- Интензивирање на соработката помеѓу наставниците и учениците преку организирање на натпревари и квизови во самото училиште
- Организирање учество во разновидни манифестации и посети на културни институции, музеи, театри, балетски и оперски куќи, издавачки куќи, се` со цел да се создадат и подигнат културните навики кај учениците.

Претседател на активот Јаворка Китевска

Програма за работа на стручен актив на општествена група предмети						
Реден Број	Цели	Содржина	Реализатор	Време	Ресурси	Очекувани ефекти
1	Организација на активот	Донесување на програма за работа	Наставници од активот	08. 2014	Програма и учебници	Осовремување на наставата
2	-да ја совлада и повтори техниката на висок старт и истрајно трчање, ја развива идржливоста	Совладување и повторување на истрајно трчање со висок старт	Сузана Здравковска	09. 2014	училишен двор,вежби,игри, трчање, кинограми	Ја применува техника на висок скок и истрајно трчање
3	Да усвои лексика и комуникативни изрази за купување,барање информации за цена;да пишува, изговора и правилно применува во одредени говорни ситуации	Обработка на комуникативни структури-Купување;Барање/давање информации за цена	Наставникот по француски јазик Јаворка Китевска	10. 2014	Учебник, апликации, Слики, Фотографии, ЦД плеер,	Правилна употреба на комуникативни структури,збогатување на лексичкиот фонд со нови лексички струрктури
4	- Да се оспособува за групно пеење; - Да развива чувство за ритам и да идентификува одреден ритам; -Да применува правилна и естетска вокална интерпретација	В. А. Моцарт „Братска љубов“	Наставник по музичко образование Анѓел Ќосев	11. 2014	-нотен запис на композицијата;Музички инструмент-блок флејта -Пијано,учебник, -ЦД плеар	Да ја пее песната со правилна вокална интерпретација, во соодветно темпо и примена на динамика; - Да го искаже своето доживување ликовно или литературно

5	Да ги разликува граматичките категории кај именките како посебен вид зборови	Граматички категории кај именките	Наставникот по македонски јазик Ленче Алаџајкова	12. 2014	Компјутер, учебник	Да ги препознава и применува граматичките категории кај именките
6	Да се стекнат учениците со знаења за поимот драма, анализа на драмски текст	Поим за драма - преку текстот „Измама“ од М.Поповски	Наставникот по македонски јазик Ана Страшевска	01. 2015	ученици, наставник, учебник, тетратки, прибор за пишување, интернет (за проследување на дел од драма)	Да се стекнат со способност за интерпретациско читање на драмски текст, да се стекнат со знаења за поимот драма, да знаат да анализираат драмски текст
7	Учениците да стекнат новизнаења и да го прошират фондот на зборови со нов вокабулар	Обработка на вокабулар места во градовите	Наставникот по англиски јазик Весна Аврамовска	03. 2015	Учебник,компјутер,слики, постери	Учениците да ги препознаваат,разбираат и правилно употребуваат зборовите за места во градовите
8	Да се стекнат со нови знаења и да можат правилно да ги употребуваат изразите за квантитет	Обработка на изрази за квантитет	Наставникот по англиски јазик Даниела Станчевска	04. 2015	Учебник,Компјутер,наставен лист	Учениците да ги разбираат и правилно да ги употребуваат изразите за квантитет
9	Да знае за образовниот систем во РМ, да знае за достигањата на Албанците во културниот развој на РМ	Културно – просветен развој на Албанците во Македонија	Наставникот по историја Миливоје Никиќ	05. 2015	Учебник, историски атлас, карта на Македонија, интернет	Стекнување знаења за достигањата на Албанците во културниот развој на Македонија

XII. Програма за работа на стручен актив од природна група на предмети

Според првиот одржан состанок, Стручниот актив на групата предмети од областите на природните науки одлучи во учебната 2014/2015 година, да посвети поголемо внимание на попрецизно реализирање на очекуваните исходи што соодветствуваат на материјалот предвиден за екстерното тестирање, поголема застапеност на ИКТ во наставата, формативно, сумативно и описно оценување на учениците. Во програмата за работата во тековната учебна година се предвидени активностите во рамките на проектот Еко училиште, работа со талентирани и надарени ученици, како и со деца со посебни потреби.

Исто така предвидена е интензивна работа на математичка секција, секција по физика, хемија, биологија, географија и природни науки. Соработката помеѓу наставниците и учениците е зголемена преку организација на натпревари и квизови во рамките на училиштето.

Предвидено е учество на разни манифестации и посети на некои институции и запознавање со природни реткости во Р.Македонија.

Претседател на активот Витомир Лазороски

Актив од природна група на предмети						
реден број	*цели*	*содржина*	*реализатор*	*термин*	*ресурси*	*очекувани исходи*
1.	Организација на активностите на активот	Донесување на програма за работа	Наставниците од активот	08. 2014	Програма и други материјали	Подобрување на организацијата на наставата
2.	Запознавање со природните богатства на Република Македонија	Пештерите во наставата	Билјана Гичевски	09. 2014	Мултимедијална презентација	Проширување на знаењата на наставниците
3.	Проширување на знаењата по математика	Натпревари и нивното значење	Витомир Лазороски	10. 2014	Мултимедијална презентација	Проширување на знаењата на наставниците
4.	Усвојување на нови знаења	Природни појави на земјата - врнежи	Билјана Гичевски	11. 2014	Учебник за VI одд. и наставни ливчиња	Проширување на знаењата на учениците
5.	Усвојување на нови знаења	Градба на функции на листот	Горан Тодоровски	12. 2014	Учебник за VII одд.и наставни ливчиња	Проширување на знаењата на учениците
6.	Полугодишен извештај	Анализа на резултатите од работата на активот	Наставниците од активот	01. 2015	Записници	Заклучоци за работењето на наставниците
7.	Усвојување на нови знаења	Поделба и хомологија на јаглеводороди	Даниела Радевска	02. 2015	Учебник за VIII одд. и наставни ливчиња	Проширување на знаењата на учениците
8.	Усвојување на нови знаења	Периметар на круг.Должина на кружен лак	Витомир Лазороски	03. 2015	Учебник за VIII/9 одд. и наставни ливчиња	Проширување на знаењата на учениците
9.	Усвојување на нови знаења	Мерки за време и температура	Нов наставник	04. 2015	Учебник за VI одд. и наставни ливчиња	Проширување на знаењата на учениците
10.	Зголемување на интересот на учениците за природните науки	Квиз од природни науки	Учениците од 6-8 одд.	02.2015	Изработени прашања од наставниците од активот	Проширување на знаењата на учениците
11.	Стекнување на нови знаења	Проширување на знаењата на учениците за производство на електрична енергија	Витомир Лазороски	05. 2015	Посета на ТЕЦ Рек – Битола и Рудник јагленокоп Суводол	Проширување на знаењата на учениците
12.	Избор на учебници за учебната 2013/2014		Наставниците од активот	06. 2015	Тематско процесно планирање	Реализирање на предвидениот наставен план и програма
13.	Годишен извештај	Анализа на резултатите од работата на активот	Наставниците од активот	06. 2015	Записници	Заклучоци за работењето на наставниците

XIII. Акциски план за еколошки активности

		временска рамка (месец)														
задача	активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	носител	начин на спроведување	инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице	Потребен буџет
Одбележување на Светски ден за заштита на озонската обвивка	- предавање - дебата	X										-ученици од IX одд -наставници	-разговор -презентација	-презентација -постер	- збогатени знаења за настанување на озонска дупка	Билјана Гичевски	/
Одбележување на Меѓународен ден без автомобили	- возење велосипеди	X										-ученици од V одд -Лазе Смилески	-правилно возење на велосипеди	-велосипеди	- зголемено користење на велосипеди	Лазе Смилески	/
Одбележување на Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата	- чистење и уредување на училишниот двор		X									-ученици -наставници - технички персонал	-организирање во групи за уредување на дворот	Метли, копачи, гребла, црева за вода	- почист училишен двор	-Билјана Гичевски	/
Одбележување на Меѓународен ден на пешаците	- пешачење до Градски Парк		X									-ученици -2 наставника	-соработка со збратимено училиште	- 2 групи ученици од двете училишта	- одбележување на денот -зближување меѓу учениците на збратимените училишта	Ленче Алаџајкова	/
Одбележување на Меѓународен ден на храната	- „Здрава храна за детство без мана“ - истражување за зачини во РМ -презентирање		X									-ученици -одд. наставници -класни раководители	-истражување -презентирање	селектирани зачини	- стекнување навики за здрава исхрана	Оливера Павловска	/
Еколошка фотоизложба	-барање на локации за фотографирање -фотографирање -поставување на изложба			X								-ученици	- фотографирање	-изработени фотографии	-зголемена свесност за екологијата	Лилјана Ружиновска	/
Изработка на еко-канти	-избор на материјал за канти -изработка на канти			X	X							-ученици -хаус мајстор	-изработување на еко-канти	-изработени канти	-поголема одговорност за селекција на отпад	Директор Ана Страшевска	
Одбележување на Светски ден за заштеда на енергија	-дебата -презентација							X				-ученици од VIII и IX одд. -наставник по физика	-дебатирање -презентирање	-постери	- стекнување навики за штедење на електрична енергија	Јулија Митреска	

